# З А К О Н
# ЗА ДАНОЧНА ПОСТАПКА

(неофицијален пречистен текст)

Неофицијалниот пречистен текст на Законот за даночна постапка ги опфаќа:
**Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/06), Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/08), Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.159/08), Законот за изменување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.105/09), Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.133/09), Законот за дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10), Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/10) и Законот за изменување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/11).**

## ПРВ ДЕЛ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Глава прва

### Предмет на уредување

Член 1

(1) Со овој закон особено се уредува општото даночно право, постапката на утврдување на данок, постапката на контрола на данок, постапката на наплата на данок, правата и обврските на даночниот обврзник и други прашања од даночната постапка.

(2) Овој закон е единствена основа на општото даночно право и на даночната постапка.

### Примена на законот

Член 2

(1) Овој закон се применува на сите јавни приходи и на сите споредни даночни давачки кои ги управува Управата за јавни приходи на Република Македонија.

(2) Овој закон се применува и на други јавни давачки, доколку истите со закон се доверени да ги управува Управата за јавни приходи.

(3) Овој закон се применува и на праничните казни, односно глобите и трошоците изречени во парничните, кривичните и управните постапки во корист на Република Македонија.

(4) Одлуката со која се утврдува паричната казна, односно глобата и трошоците изречени во корист на Република Македонија од ставот (3) на овој член, се доставува до Управата за јавни приходи од страна на судод или од надлежниот орган кој ја донел.

(5) Ратификуваните меѓународни договори за оданочување имаат предимство пред националните даночни закони.

### Однос спрема други закони

Член 3

(1) Овој закон има предимство пред другите даночни закони.

(2) Доколку со овој закон нешто не е уредено, важат одредбите на соодветните посебни

даночни закони.

(3) При примената на овој закон, секој поим којшто не е дефиниран поинаку, го има значењето што е дефинирано со други закони.

(4) За сите прашања што не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

## Дефиниции

Член 4

Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Даночен орган** е органот определен во Законот за Управата за јавни приходи (во натамошниот текст: Управа за јавни приходи);

2. **Јавни приходи** се финансиски средства што ги управува Управата за јавни приходи за финансирање на јавните расходи;

3. **Даноци** се давачки на даночниот обврзник кои мора да бидат платени без противуслуги, кои служат за општо државно добро и кои на сите даночни обврзници им се наметнати со закон;

4. **Споредни даночни давачки** особено се парични казни, даночни казни, камати и трошоци на присилна наплата на данок;

5. **Даночни закони или даночни прописи** се прописите со кои се уредуваат одделните видови даноци;

6. **Даночна постапка** е постапка за утврдување и наплата на јавните приходи;

7. **Даночна обврска** е секоја пропишана обврска за даночниот обврзник со овој или друг даночен закон, за дејствија во даночната постапка;

8. **Даночен долг** е износот на данок или на друг вид јавна давачка кој даночниот обврзник е должен да го плати на начин пропишан со закон;

9. **Даночен обврзник** е оној којшто:

1) должи данок;

2) гарантира за данок;

3) треба да плати или наплати данок за сметка на трето лице;

4) треба да поднесе даночна пријава и/или даночно објаснување;

5) мора да води книги или записи или

6) мора да исполнува други обврски коишто му се наложени со даночните закони;

10. **Даночен обврзник** не е оној којшто треба да дава информации, да приложува документи, да предаде процена или да дозволи пристап до имот и/или деловни простории во врска со даночна обврска на трето лице;

11. **Резидент** е лице на кое одговара едно од следниве обележја:

1) местото на живеење физичкото лице го има таму каде што има живеалиште кое што го користи или може да го користи;

2) престојувалиштето физичкото лице го има таму каде што престојува под околности од коишто може да се препознае дека не престојува само привремено на ова место. Како престојувалиште се смета местото каде што лицето престојува повеќе од шест месеца. Краткотрајни прекини немаат никакво значење;

3) местото на управување е таму каде што се наоѓа седиштето на управување на правното лице и

4) своето седиште правното лице го има на местото коешто е одредено со закон, статут, договор за друштво или слично;

12. **Нерезидент** е физичко или правно лице на кое не одговара ниту едно од обележјата од точката 11 на овој член;

13. **Припадници** на исто семејство на даночниот обврзник, во смисла на овој закон, се сметаат лицата само ако припаѓаат во еден од следниве меѓусебни односи:

1) брачниот другар;

2) роднини по права линија;

4) браќа и сестри;

5) деца на браќата и сестрите;

6) сопружниците на браќата и на сестрите, браќата и сестрите на сопружниците и родителите на сопружниците;

7) браќа и сестри на родителите;

8) хранител и посвоител и

9) лицата во смисла на потточките 1, 2, 6 и 8 од оваа точка и тогаш кога оваа врска повеќе не постои;

14. **Службено лице,** во смисла на овој закон, е:

1) службеник;

2) судија;

3) лице кое се наоѓа во друг јавно-правен работен однос и

4) лице кое за државна или друга служба или по нејзин налог исполнува задачи на јавната администрација;

15. **Даночни факти** се сите факти содржани во докази и во документи коишто се од значење за оданочувањето и

16. **Поимот "претпријатие"** го има истото значење како во Законот за трговските друштва, доколку поинаку не е уредено со други даночни закони.

### Надлежност

Член 5

(1) За резидентен даночен обврзник надлежна е онаа организациона единица на Управата за јавни приходи на чие подрачје е резидентниот даночен обврзник во смисла на членот 4 точка 11 од овој закон.

(2) Кај нерезидентен даночен обврзник надлежна е онаа организациона единица на Управата за јавни приходи на чие подрачје се наоѓа неговата подружница во смисла на Законот за трговските друштва.

(3) Стварната и месната надлежност на Управата за јавни приходи се утврдуваат според Законот за Управата за јавни приходи.

## Глава втора
## НАЧЕЛА НА ДАНОЧНАТА ПОСТАПКА

### Начело на законитост и слободно одлучување

Член 6

(1) Управата за јавни приходи е должна да ги утврдува сите факти кои се битни за донесување на законити одлуки, при што мора подеднакво да ги земе предвид фактите кои одат во прилог и на штета на даночниот обврзник.

(2) Доколку Управата за јавни приходи има законско право за слободно одлучување, тогаш ова слободно одлучување мора да биде во согласност со целта на ова право и да ги почитува законските граници на слободното одлучување.

Член 6-а

(1) Службеното лице кое е овластено да решава или да извршува одредени дејствија во даночна постапка, ќе се изземе од работата во предметот доколку постојат околности коишто ја доведуваат во прашање неговата објективност и непристрасност во предметот во кој е странка, сопственик, сообврзник, полномошник, законски застапник и припадник.

(2) Даночниот обврзник има право да бара изземање на службено лице поради причините наведени во ставот (1) на овој член. Во писменото барање треба да ги наведе сите околности за кои смета дека се причина за изземање.

(3) За изземањето одлучува надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи со решение.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член, даночниот обврзник има право на жалба до Министерството за финансии, по која одлучува министерот за финансии или од него овластено лице.

**Начело на временско важење на даночните прописи**

Член 7

(1) Даночната обврска се утврдува врз основа на законите кои биле во сила во време на нејзиното настанување, освен, ако во согласност со закон, за одделни одредби кои се однесуваат на даночна обврска е пропишано да имаат повратно дејство.

(2) Дејствијата во даночната постапка се регулирани со прописите кои се на сила во времето кога се преземаат.

**Увид во актите**

Член 8

На барање на даночниот обврзник му се овозможува увид во неговите даночни акти со соодветна примена на членот 9 од овој закон.

**Даночна тајна**

Член 9

(1) Службените лица се должни како даночна тајна да ги чуваат:

1) сите документи, информации, податоци или други факти за даночниот обврзник до кои дошле во даночна, прекршочна или судска постапка;

2) податоци за пронајдоци или патенти, како и сите други податоци за технолошките постапки кои ги применува даночниот обврзник и

3) сите деловни тајни за трето лице со коишто е запознаено службеното лице.

(2) Обврската на чување на даночна тајна се однесува на службени лица и во случај кога им престанал работниот однос и/или својството во кое дошле до сознание за документите, фактите и/или податоците од ставот (1) на овој член.

(3) Обврската на чување на даночна тајна не е повредена, ако:

1) документ, факт и/или податок се изнесе во текот на даночна, прекршочна или судска постапка;

2) се работи за објавување на ДДВ даночен идентификационен број на даночниот обврзник;

3) документ, факт и/или податок се користи во постапка на откривање на кривично дело или прекршок;

4) на даночниот гарант му се овозможи увид во податоците за даночниот обврзник кои се потребни за исполнување на неговата обврска како даночен гарант;

5) одреден документ, факт и/или податок се изнесе со писмена согласност на даночни-

от обврзник и

6) со закон е исклучена.

**Начело на утврдување на фактичка состојба**

Член 10

Даночните факти се утврдуваат согласно со даночните закони и нивната економска суштина.

**Припишување на економски добра**

Член 11

(1) Економските добра му се припишуваат на правниот сопственик.

(2) Доколку економско добро им припаѓа на повеќе правни сопственици, истото им се припишува на сопствениците како удел.

**Привидни зделки**

Член 12

Ако со привидна правна работа се прикрива некоја друга правна работа, во тој случај, за утврдување на даночната обврска основата ја чини прикриената правна работа.

**Противправно дејствување**

Член 13

Кога се остварени приходи, односно е стекнат имот на начин спротивен на прописите (без правна основа), даночната обврска се регулира во согласност со законот кој го уредува соодветниот вид на данок.

**Неважечка правна зделка**

Член 14

Ако некое правно дејство е неважечко или стане неважечко, тогаш истото не е од важност за оданочувањето се додека даночните обврзници подеднакво го застапуваат и одржуваат економскиот резултат на ваквото правно дејство, освен ако поинаку е уредено со даночните закони.

**Злоупотреба на правните договорни можности**

Член 15

(1) Со злоупотреба на правните договорни можности не може да се одбегне даночниот закон.

(2) Доколку постои злоупотреба, даночната обврска се регулира на истиот начин како што се регулира при правен договор кој одговара на економските дејствија.

**Глава трета**

ДАНОЧНА ПОСТАПКА

**Поим и содржина на даночно - правен однос**

Член 16

Даночно-правен однос е однос кој во даночната постапка ги опфаќа правата и обврските на Управата за јавни приходи од една страна и на даночниот обврзник од друга страна, при што особено се уредува исполнувањето на даночните обврски од страна на даночниот обврзник, како и правото на Управата за јавни приходи да бара исполнување на овие обврски.

## Управата за јавни приходи во даночната постапка

Член 17

(1) Управата за јавни приходи ги врши работите кои се однесуваат на водење на прво-степена даночна постапка, водење регистар на даночни обврзници и даночни акти и на евиденција, откривање на даночни казниви дела и на нивни извршители, водење на првостепена прекршочна постапка, како и други работи определени со овој закон.

(2) Управата за јавни приходи самостојно ги извршува работите од ставот (1) на овој член на територијата на Република Македонија и се организира така што да обезбеди функционално единство во спроведување на даночните прописи.

(3) Кои дејствија ќе се преземаат во постапката и во кој обем одредува Управата за јавни приходи согласно со закон.

(4) Управата за јавни приходи го повикува даночниот обврзник на поднесување даночни пријави и на навремено плаќање на своите даночни долгови во согласност со важечките закони.

(5) Управата за јавни приходи е должна да го поучи даночниот обврзник во даночната постапка на неговите права и обврски.

## Даночен должник

Член 18

(1) Даночен должник е лице кое треба да исполни одредена обврска за плаќање од даночната постапка во смисла на членот 16 од овој закон.

(2) Друг даночен должник е:

1) даночен гарант кој одговара за плаќање на даночен долг на даночниот обврзник во случај кога даночниот обврзник тој долг не го плати во рокот на пристигнување;

2) даночниот обврзник во смисла на членот 4 точка 9 потточка 3 од овој закон и

3) други лица кои треба да исполнат некоја обврска за плаќање од даночната постапка во смисла на членот 16 од овој закон.

## Општи одредби за застапување

Член 19

Даночниот обврзник може да учествува во даночната постапка преку полномошник со приложување на соодветно полномошно до Управата за јавни приходи или преку својот законски застапник.

## Застапник

Член 20

(1) Застапник со полномошно на даночниот обврзник е лице кое го застапува даночниот обврзник во рамките на добиеното овластување (полномошно) и во име и за сметка на даночниот обврзник презема дејствија во даночната постапка.

(2) Нерезидентен даночен обврзник е должен да одреди полномошник во почетокот на настанување на даночната обврска.

(3) Ако нерезидентот остварува приходи кои се оданочуваат по одбивка, за кое не е задолжително поднесување даночна пријава, не постои обврска за одредување полномошник.

## Законски застапник, ортак и привремен старател на оставина

Член 21

(1) Законскиот застапник на лице и работоводител на здружени лица заради остварување приходи и имот без својство на правно лице (ортаклук) и старател на наследник, ги исполнува

даночните обврски на лицето кое го застапува.

(2) Ако здружените лица немаат работоводител или наследникот нема старател, обврските од ставот (1) на овој член, паѓаат на товар на здружените лица заеднички или на самиот наследник.

## Глава четврта
## ДАНОЧЕН ДОЛГ

### Обврска за исполнување на даночен долг

Член 22

(1) Обврската за исполнување на даночен долг преставува должност на даночниот обврзник да го плати утврдениот данок под услови пропишани со овој закон или друг даночен закон.

(2) Одредбата за плаќање на даночниот долг од ставот (1) на овој член, се применува и на обврската за плаќање на споредни даночни давачки, доколку со овој закон поинаку не е пропишано.

### Настанување и престанок на даночен долг

Член 23

(1) Даночниот долг настанат согласно оделните даночни закони и подлежи на оданочување според тие закони.

(2) Даночен долг престанува со:

1) плаќање на даночен износ;

2) пребивање на даночни побарувања и даночни долгови на ист даночен обврзник;

3) присилна наплата на даночен долг и

4) застарување на даночен долг.

### Плаќање на даночен долг

Член 24

(1) Со плаќање на даночен износ којшто се должи се исполнува даночниот долг.

(2) Плаќање, во смисла на ставот (1) од овој член, може да биде плаќање во готово или на друг начин на сметка и плаќање од страна на трети лица.

### Исполнување на даночен долг со пребивање

Член 25

(1) Исполнување на даночен долг со пребивање се врши во случај кога даночното побарување на даночниот обврзник е поголемо од даночниот долг и износот на повеќе платениот данок се користи за намирување на даночен долг по ист основ кој пристигнува подоцна или по барање на даночниот обврзник се врши поврат или се намируваат пристигнати долгови по друг основ.

(2) По барањето на даночниот обврзник од ставот (1) на овој член се донесува даночен управен акт.

### Исполнување на даночен долг во случај на ликвидација или стечај

Член 26

(1) Даночен долг на правно лице во ликвидација го исполнува ликвидациониот

управник од средствата на правното лице, вклучувајќи ги и приходите од продажбата на имотот.

(2) Даночен долг на деловна единица на правно лице во ликвидација непосредно го исполнува правното лице чиј дел е таа единица, а ако во ликвидација е и правното лице, даночниот долг го исполнува ликвидациониот управник.

(3) Исполнувањето на даночен долг во случај на стечај се врши согласно со Законот за стечај.

**Исполнување на даночен долг во случај на смрт на физичко лице**

Член 27

(1) Даночен долг на умрено лице го исполнуваат наследниците во рамките на вредноста на наследениот имот и во сразмер со делот на поединечниот наследник во моментот на прифаќање на наследството.

(2) Ако оставителот нема наследник или ако ниеден од наследниците не се прифати за наследник, даночниот долг на оставителот привремено се отпишува.

**Враќање на наплатен данок**

Член 28

Доколку даночниот обврзник има основано право на враќање на повеќе или погрешно наплатен данок, Управата за јавни приходи има обврска решението за враќање да го донесе во најкус можен рок.

**Глава петта**
**ГАРАНЦИЈА И ОСПОРУВАЊЕ**

***Насловот "Гаранција на застапникот" и член 29 се укинати со Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.152/2008.***

***Насловот "Гаранција на застапуваниот" и член 30 се укинати со Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.152/2008.***

**Гаранција на правниот наследник**

Член 31

(1) Доколку претпријатие или дел од претпријатие се пренесе на трето лице, тогаш третото лице гарантира за даночните долгови на пренесеното претпријатие или делот од претпријатието.

(2) Гаранцијата се ограничува на даночни долгови кои настанале од почетокот на последната календарска година пред пренесувањето.

(3) Гаранцијата се ограничува на големината на преземениот имот.

**Гаранција при ликвидација**

Член 32

Ако правното лице во ликвидација нема доволно парични средства да го исполни даночниот долг во целост, вклучувајќи ги и приходите од продажбата на имотот, преостанатиот даночен долг ќе го платат основачите, управителот или членовите на управата ако, во согласност со законот, статутот или актот за основање на правното лице, се солидарно или според удел одговорни за обврските на правното лице. Во случај на одговорноста според удел, гаранцијата се ограничува на соодветниот удел.

**Гаранција при промена на статусот**

Член 33

(1) Даночниот долг на правно лице кое престанува да постои заради статусни промени го исполнува правниот следбеник, без оглед на тоа дали пред завршување на постапката на статусната промена знаел дека правниот претходник не го исполнил, делумно или во целост, својот даночен долг. Ова важи и за споредните даночни давачки.

(2) Рокот за исполнување на даночниот долг на правното лице кое престанува со статусни промени важи и кога исполнувањето на тој долг преминало на правниот следбеник.

(3) Правен следбеник на кој преминал даночниот долг од едно или повеќе правни лица кои престанале да постојат заради статусна прмена е:

1) во случај на спојување - правното лице кое настанало со спојување на две или повеќе правни лица, даночни обврзници;

2) во случај на припојување - правното лице на кое едно или повеќе правни лица, даночни обврзници се припоиле и

3) во случај на поделба - правните лица кои настанале со поделба на даночниот обврзник.

(4) Ако постојат повеќе правни следбеници, сите се неограничено солидарно одговорни за даночниот долг на правниот претходник.

(5) Промената на организационата или на сопственичката форма на правното лице не влијае на исполнувањето на даночниот долг.

**Гаранција при одбивка**

Член 34

Лица кои се одговорни за пресметувањето и за плаќањето на данок по одбивка, во смисла на Законот за персонален данок од доход, гарантираат за пресметувањето и за плаќањето на овој данок.

**Оспорување**

Член 35

(1) Целосно или делумно бесплатни правни зделки на даночен должник во корист на блиско лице во текот на последните пет години пред или по настанување на даночниот долг можат да бидат оспорени од Управата за јавни приходи, доколку правната зделка е направена на штета на Управата за јавни приходи. Штета има, доколку оној кој имал корист во време на правната зделка имал сознанија за постоење на закана за неспособност за плаќање. Лицето кое остварило корист гарантира со постоечкиот пренесен имот за даночниот долг на давателот.

(2) На даночниот обврзник лице му е блиско кога:

1) лицето има удел во даночниот обврзник или обратно;

2) лицето може да влијае на даночниот обврзник или обратно;

3) Третото лице има удел или може да влијае како на лицето така и на даночниот обврзник и обратно;

4) лицето или даночниот обврзник можат да имаат влијание еден врз друг надвор од деловните контакти или

5) лицето или даночниот обврзник има сопствен интерес во остварувањето на приходи на другиот.

**Глава шеста**

ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ

**Даночен идентификационен број (Единствен даночен број)**

Член 36

(1) Со цел за идентификација на даночниот обврзник во даночната постапка, исклучиво Управата за јавни приходи му доделува единствен даночен број (во натамошниот текст: ЕДБ).

(2) ЕДБ е единствениот идентификационен број на даночниот обврзник за сите видови јавни приходи и се задржува се до престанок на статусот на даночен обврзник.

(3) ЕДБ се користи во целата даночната постапка и мора задолжително да се внесе во сите писмени дописи и документи.

**Општи одредби за регистрација**

Член 37

(1) Регистрацијата на даночен обврзник се врши во Управата за јавни приходи.

(2) Постапката, начинот и роковите за доделувањето на ЕДБ, содржината и начинот на водење на единствениот регистар на даночни обврзници, содржината и формата на пријавата за регистрација, како и постапката за бришење од регистрацијата, ги пропишува министерот за финансии.

**Место и време на регистрација**

Член 38

(1) За резидентни правни лица, државни органи и организации и органи на единиците на локалната самоуправа надлежна за регистрација е организационата единица на Управата за јавни приходи според местото на нивното седиште.

(2) За постојана деловна единица на нерезидентно правно лице надлежна за регистрација е организационата единица на Управата за јавни приходи според местото на седиштето на вршење на дејноста.

(3) За резидентни физички лица надлежна за регистрација е организационата единица на Управата за јавни приходи според местото на нивното живеалиште.

(4) За нерезидентни физички лица надлежна за регистрација е организационата единица на Управата за јавни приходи според местото на седиштето на нивната дејност.

(5) Лицата од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член поднесуваат пријава за регистрација во рок од пет дена од денот на започнување на дејноста.

(6) По извршената регистрација, Управата за јавни приходи го известува даночниот обврзник за извршената регистрација.

(7) Ако даночниот обврзник не поднесе пријава за регистрација, Управата за јавни приходи по службена должност ќе му додели ЕДБ, врз основа на расположливите податоци и фактичките околности.

## ДЕЛ ВТОРИ

## Глава прва

## ОПШТО ЗА ДАНОЧНАТА ПОСТАПКА

**Право на известување**

**Член 39**

Даночниот обврзник, во согласност со овој закон, има право да добива известувања за својата даночна обврска, како и да добие писмено известување, доколку го побара.

**Службен јазик**

Член 40

(1) Службениот јазик кој се користи во даночната постапка е регулиран согласно со членовите 19 и 61 од Законот за општата управна постапка.

(2) Ако даночниот обврзник пред Управата за јавни приходи предаде исправа на странски јазик и писмо, Управата за јавни приходи може да побара даночниот обврзник да достави заверен превод на исправата на службениот јазик наведен во ставот (1) на овој член. Ако даночниот обврзник не достави заверен превод на исправата, Управата за јавни приходи може да ја преведе исправата на трошок на даночниот обврзник или документот да не го прифати како доказ.

**Поведување на даночна постапка**

Член 41

(1) Даночната постапка ја поведува Управата за јавни приходи по службена должност или по барање на даночниот обврзник.

(2) Даночната постапка е поведена кога Управата за јавни приходи ќе изврши дејствие со цел за водење на даночна постапка против даночен обврзник.

(3) Доколку, согласно со закон, за поведување на постапка е потребно барање од лице, постапката може да се поведе само ако такво барање е поднесено.

**Даночен акт и даночен управен акт**

**Член 42**

(1) Даночни акти се акти што Управата за јавни приходи ги составува и донесува при преземање на одредени дејствија во даночната постапка.

(2) Даночни управни акти се акти кои што Управата за јавни приходи ги донесува при преземање на дејствија во даночната постапка против даночниот обврзник, кои предизвикуваат непосредно правно дејство, од кое произлегува одредено дејствие, трпење или оставање.

**Форма и содржина на даночни акти и даночни управни акти**

Член 43

(1) Даночен управен акт се донесува во писмена, електронска, усна или друга форма. Даночен управен акт кој не е донесен во писмена форма, треба неодложно да се потврди писмено, доколку за тоа има оправдан интерес и даночниот обврзник тоа го бара.

(2) Даночни акти се донесуваат во писмена форма кога тоа е пропишано со овој закон или на барање на даночниот обврзник.

(3) Даночниот управен акт мора особено да содржи:

1) назив на организационата единица на Управата за јавни приходи, број и дата на даночниот управен акт;

2) единствен даночен број на даночниот обврзник;

3) име и/или назив на даночниот обврзник против кој се води даночниот управен акт;

4) правни и фактички образложенија на даночниот управен акт;

5) отпечатено име и презиме на овластеното лице и негов потпис и

6) печат на Управата за јавни приходи.

(4) Ако даночниот управен акт се обработува механографски, односно во електронска форма наместо потпис и печат содржи факсимил, односно електронски потпис согласно со закон.

(5) Кај даночен управен акт, кој е составен како формулар или електронски, може да нема име и печат и може да се користи електронски потпис.

(6) Даночниот управен акт со кој се наложува некое вршење, трпење или оставање на дејствие мора да содржи укажување на последиците од непостапувањето.

(7) Даночниот управен акт мора да содржи упатство за тоа кој правен лек е допуштен и во кој

временски рок и кај кој треба да се поднесе.

**Доставување на даночен управен акт**

Член 44

(1) Даночен управен акт во писмена форма се доставува по пошта. Адресирањето се врши на адресата на даночниот обврзник внесена во пријавата за регистрација или во последната даночна пријава.

***Ставот (2) е поништен со Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.152/2008**

(3) Даночниот управен акт може да се достави и со врачување од страна на лице ангажирано од Управата за јавни приходи до:

1) даночниот обврзник или неговиот законски застапник;

2) ополномоштен застапник од страна на даночниот обврзник и

3) полнолетен член од семејството, доколку се работи за физичко лице.

(4) Доставувањето, во смисла на овој закон, се смета дека е уредно и кога лицата од ставот (3) на овој член, одбијат да го примат или потпишат даночниот управен акт, а лицето кое го вршело доставувањето за тоа состави службена белешка.

(5) Ако доставувањето не можело да биде извршено на начинот од ставовите (1) (2) и (3) на овој член, ќе се смета за извршено кога даночниот управен акт ќе се испрати по електронски пат преку е-маил адресата на даночниот обврзник внесена во пријавата за регистрација или во последната даночна пријава.

(6) Даночен управен акт може да биде објавен јавно, доколку тоа е предвидено со закон.

**Деловни книги и евиденции**

**Обврски за водење на деловни книги и евиденции**

Член 45

(1) Даночниот обврзник мора да води деловни книги и евиденции заради оданочување, доколку тие се регулирани со посебните даночни закони. Обврските за водење на деловни книги и евиденции на коишто подлежи даночниот обврзник според други закони, треба да ги исполни и за оданочувањето.

(2) Деловни книги и евиденции во смисла на ставот (1) од овој член, особено се:

1) трговски книги, сметководствени документи, записи и пописи, годишна сметка и финансиски извештаи, белешки за применети сметководствени политики и други документи во врска со организацијата;

2) деловни писма и кореспонденции;

3) сметки за книжење и/или

4) други документи, доколку истите имаат значење за оданочување.

**Општи начела за водење на сметководство и евиденции**

Член 46

Сметководството и евиденциите мора да се водат во согласност со прописите од областа на сметководството и на начин за да може и стручно трето лице во соодветен рок да стекне преглед над работењето на даночниот обврзник и деловните дејствија за нивното настанување, развој и завршување.

**Книжења и други евидентирања**

Член 47

(1) Книжењата и другите евидентирања, и во електронска форма, треба да се извршат целосно, точно, навремено, веродостојно и уредно. Готовинскиот промет мора да се бележи континуирано - по редослед на неговото настанување, секојдневно.

(2) Книжењето и друго евидентирање, и во електронска форма, не смее да се менува на начин што првобитната содржина повеќе не може да се утврди. Не смее да се вршат измени од такво значење да е неизвесно дали тие се спроведени претходно или дополнително.

(3) Деловните книги и другите евиденции, дури и ако за нивното водење не постои законска обврска, мора во секое време да се достапни во земјата.

(4) Деловните книги и другите евиденции мора да се приложат на службениот јазик.

(5) Управата за јавни приходи може да дозволи исклучоци од ставот (4) на овој член.

(6) Доколку книжењата и другите евиденции се обработени со систем за обработка на податоци, тогаш Управата за јавни приходи има право да добие увид во меморираните податоци и да го користи системот за обработка на податоци за испитување на истите. Управата за јавни приходи може да побара податоците да бидат обработени според нејзино побарување или меморираните податоци да и бидат доставени на машински носач на податоци. Трошоците за тоа се на товар на даночниот обврзник.

**Рок на чување на деловни книги и евиденции**

Член 48

(1) Деловните книги и евиденции од членот 45 став (2) точки 1, 2 и 3 на овој закон, мо- ра уредно да се чуваат во рок од десет години. Другите документи од членот 45 став (2) точка 4 на овој закон, како и за дневниот готовински промет од членот 47 став (1) на овој закон, мора да се чуваат во рок од пет години.

(2) Рокот за чување почнува да тече со крајот на календарската година во која:

1) е направено последното запишување;

2) е составен пописот, даночниот биланс или годишната сметка;

3) е примено или испратено деловно писмо или кореспонденција;

4) настанала потврда за книжење;

5) настанал секаков вид на бележење или книжење и

6) настанале други документи.

**Пријава на факти битни за оданочување**

Член 49

(1) Даночниот обврзник мора да ги пријави сите факти битни за оданочувањето, особено: основањето, преместувањето и престанокот на трговското друштво или деловната единица или почетокот на вршење на стопанска дејност, промена на престојувалиште, како и други факти чие пријавување е законски пропишано.

(2) Покрај фактите од ставот (1) на овој член, даночните обврзници мора да ги пријават и:

1) основањето или купувањето на претпријатија или деловни потфати во странство;

2) учеството во странски персонални друштва или нивното откажување или промена и

3) здобивањето со учества во капитални друштва во странство, како и промени во нивниот процент на учество.

(3) Пријавата според ставовите (1) и (2) на овој член, мора во писмена форма да се до стави до Управата за јавни приходи во рок од еден месец од денот на настанувањето на околностите кои мора да се пријават.

**Учество на даночните обврзници во утврдување на фактичката состојба**

Член 50

(1) Даночниот обврзник мора да учествува во утврдувањето на фактичката состојба, така што своето учество го исполнува особено со изнесување на целосни и вистинити факти битни за оданочување и за тие свои тврдења треба да поднесе докази.

(2) Доколку фактичката состојба која се однесува на активности во странство треба да се оцени во однос на оданочувањето, во тој случај даночниот обврзник во целост мора да ја разјасни фактичката состојба. Притоа, мора да ги прибави потребните докази и да ги користи сите правни и фактички можности. Даночниот обврзник мора да ја осигура мож- носта за појаснување на фактичката состојба и за прибавување на докази веќе во креирањето на своите односи со странство.

(3) Кај фактички состојби кои се однесуваат на постапки поврзани со странство, даночниот обврзник мора да поднесе посебни документи за начинот и за содржината на неговите деловни контакти со личностите кои му се блиски.

(4) Содржината и формата на документите од ставот (3) на овојн член, поблиску ги пропишува министерот за финансии.

(5) Управата за јавни приходи го задржува правото, по службена должност, да ја утврди фактичката состојба.

### Постапување со сметки, вредности и сефови

Член 51

Субјектот кој води сметка, чува или како залог зема вредности или отстапува сефови, мора да ги утврди податоците на лицето и на полномошникот за располагање и тоа да го забележи во соодветна форма и на барање на Управата за јавни приходи истите да ги достави.

## Глава втора
## ДАНОЧНА ПРИЈАВА

### Поим на даночна пријава

Член 52

(1) Даночна пријава претставува запис на даночниот обврзник за остварените приходи, извршените расходи, добивката, имотот, прометот на добра и услуги или други трансакции од значање за утврдување на данок.

(2) Даночниот обврзник мора да поднесе даночна пријава до Управата за јавни приходи.

(3) Повик за поднесување на даночна пријава може да се упати по пат на јавно соопштение.

(4) Даночна пријава мора да поднесе и лице кое за тоа ќе биде повикано од Управата за јавни приходи.

### Форма, содржина и начин на поднесување на даночна пријава

Член 53

(1) Даночната пријава се поднесува на образец чија форма и содржина ја пропишува министерот за финансии.

(2) Даночниот обврзник во даночната пријава сам го пресметува данокот, ако е така пропишано со овој или друг закон.

(3) Податоците во даночната пријава мора да бидат точни, вистинити и потполни.

(4) Кон даночната пријава мора да се приложи документација којашто е пропишана со посебните даночни закони.

(5) Лицето кое располага со документацијата од ставот (4) на овој член, мора да ја даде на

даночниот обврзник на негово барање.

(6) Даночната пријава може да содржи и прашања потребни за дополнување на основата за оданочување и за статистички цели.

(7) Доколку поинаку не е пропишано со даночен закон, даночниот обврзник мора лично да ја потпише даночната пријава. Потпис на полномошник е дозволен само ако даночниот обврзник е спречен лично да ја потпише даночната пријава заради телесна или душевна болест или заради подолго отсуство.

(8) Ако даночната пријава или нејзин дел ја изготвил даночен советник, тогаш тој тоа мора јасно да го наведе во даночната пријава, со впишување на своето име адреса и дано- чен број.

(9) Даночната пријава мора да се поднесе непосредно кај надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи или по пошта.

(10) Одредени даночни пријави можат да се поднесат и по пат на пренос на податоци во електронска форма.

(11) Видот на даночна пријава која во потполност или делумно може да се поднесе по пат на пренос на податоци во електронска форма ја пропишува министерот за финансии, како и постапката на пренос.

**Поднесување на даночна пријава**

Член 54

Даночната пријава се поднесува во рокот пропишан со даночниот закон. Таа треба да се поднесе до надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи, освен ако со даночниот закон поинаку не е уредено.

**Паричен додаток за задоцнето поднесување на даночна пријава**

Член 55

(1) Против лицето кое не ги исполнува своите обврски за поднесување на даночна пријава во соодветниот рок може да се утврди паричен додаток заради доцнење.

(2) Паричниот додаток заради доцнење не смее да надминува 10% од висината на законски утврдениот данок.

(3) Паричниот додаток заради доцнење треба посебно да биде утврден и се наплатува заедно со данокот.

**Исправка на даночна пријава**

Член 56

(1) Доколку даночниот обврзник пред истекот на рокот за застарување утврди дека да ночната пријава која ја доставил до Управата за јавни приходи е невистинита, погрешна или нецелосна и заради тоа може да дојде или дошло до намалување на данокот, во тој случај мора да поднесе корегирана даночна пријава.

(2) Доколку даночниот обврзник пред истекот на рокот за застарување утврди, дека даночната пријава која ја доставил до Управата за јавни приходи е невистинита, погрешна или нецелосна и заради тоа може да дојде или дошло до зголемување на данокот, во тој случај може да поднесе исправка на пријавата според посебните даночни закони или да примени постапка за правни лекови согласно овој закон.

(3) Обврската од ставот (1) на овој член, важи и за правниот наследник.

**Глава трета**

**УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИ**

**Изведување и оцена на докази**

Член 57

Управата за јавни приходи ги користи сите доказни средства потребни за утврдување на фактите битни за оданочување, а особено:

1) собирање информации од даночниот обврзник и од други лица;

2) одредување вештаци;

3) прибавување на исправи и списи и

4) излегување на увид.

**Повикување во службени простории**

Член 58

Управата за јавни приходи може да го повика даночниот обврзник во своите службени простории за појаснување на содржината на даночната пријава.

**Дополнителни информации**

Член 59

(1) Управата за јавни приходи може да користи дополнителни информации.

(2) Дополнителни информации од ставот (1) на овој член, се информациите за факти утврдени во даночната постапка на трети лица, а кои би можеле да бидат значајни за други даночни постапки.

(3) Во водењето на даночната постапка, Управата за јавни приходи може од даночниот обврзник да ги бара сите информации за неговото работење во земјата и во странство, за неговите активности и за изворите на средства за купување на деловен и личен имот.

**Давање на информации**

Член 60

(1) Даночниот обврзник*, на барање на Управата за јавни приходи и во рок кој таа ќе го определи, да и ги дадат сите информации потребни за утврдување на фактичката состојба кои се битни за оданочување.

(2) Во барањето за давање информации мора да се наведе на кого и за што се однесуваат. На барање на лицето кое е должно да даде информација, барањето мора да се поднесе во писмена форма.

(3) Од други лица, освен од даночниот обврзник, треба да се побара информација или поднесување на документи, дури тогаш кога фактичката состојба од страна на даночниот обврзник не води кон целта или не ветува успех.

(4) Доколку барањето на информација или приложувањето на документи се упати на трети лица, во него треба да се наведе дека тоа ќе биде потребно за оданочување на други лица.

(5) Лицето именувано за давање информација е должно да дава веродостојни и потполни информации и истите да ги дава со целосна одговорност. Оваа обврска се однесува и за приложување на документи.

(6) Потребните информации можат да бидат дадени во писмена форма, електронски, усно на записник или телефонски. Управата за јавни приходи може да побара информациите да бидат дадени и во писмена форма, доколку ова е од значење во постапката.

(7) Управата за јавни приходи може да го повика лицето кое е должно да даде инфор- мација, тоа да го стори усно во нејзините службени простории. Ова особено се однесува на случаите кога бараната информација во писмена форма според ставот (6) на овој член не била дадена, или бараната информација во писмена форма не ја разјаснила фактичката состојба.

(8) За информацијата дадена усно во службените простории на Управата за јавни

приходи мора да се состави записник. Записникот ги содржи имињата на присутните лица, местото, денот и битната содржина на информацијата, а се потпишува од лицето кое ја составува информацијата и лицето кое ја дава информацијата. На барање од лицето кое дало усна информација мора да му се даде препис од записникот.

**** Членот 60 став (1) во делот "и други лица мораат" е укинат со Одлука на Уставниот суд на РМ У.бр.237/2006***

**Стручно лице**

Член 61

(1) Управата за јавни приходи одлучува за ангажирање на стручно лице. Ако не постои опасност од одлагање, Управата за јавни приходи треба да го извести даночниот обврзник за лицето кое мисли да го именува за стручно лице.

(2) Даночниот обврзник може да бара изземање на стручното лице ако:

1) постојат оправдани сомневања за неговата непристрасност;

2) заради неговото стручно мислење може да дојде до повреда на деловна тајна на даночниот обврзник и

3) настане штета за деловното работење на даночниот обврзник.

(3) Барањето од ставот (2) на овој член, мора да е образложено и се поднесува до Управата за јавни приходи во рок од две седмици од денот на приемот на известувањето за именување на стручното лице. За изземање на стручното лице одлучува Управата за јавни приходи.

(4) Доколку Управата за јавни приходи од стручното лице побара вештачење, тогаш тоа се составува во писмена форма. Во овој случај стручното лице може да биде повикано на усно разјаснување на неговото вештачење.

(5) Наодот на стручното лице мора да се приложи кон даночните акти.

**Презентирање на исправи**

Член 62

(1) Управата за јавни приходи може да побара од даночниот обврзник* од поврзани со работењето на даночниот обврзник ги стават на увид деловните книги, евиденцијата, деловната документација и други исправи заради проверка. Притоа, треба да се одреди дали побараните документи се битни за оданочување на лицето кое е повикано да ги стави на увид или за оданочувањето на трети лица.

(2) Управата за јавни приходи може да побара исправите од ставот (1) на овој член, да бидат ставени на увид во нејзините службени простории или увидот да се изврши кај лицето кое е должно да ги стави на увид.

**** Членот 62 став (2) во делот "и други лица" е укинат со Одлука на Уставниот суд на РМ У.бр.213/2007***

**Увид**

Член 63

(1) Управата за јавни приходи врши непосреден увид кога е потребно за утврдување или разјаснување на фактите битни за оданочување.

(2) Даночниот обврзник или трето лице назначено од негова страна мора да присуствува на увидот.

(3) Увидот може да се врши со учество на стручно лице.

(4) За наодот по завршениот увид мора да се состави записник и да се приложи кон даночните акти.

**Влез на земјиште и во простории**

Член 64

(1) Сопственикот или корисникот на предмети, простории или земјиште е должен во тек на вообичаеното негово работно време да дозволи да се изврши увидот, доколку тоа е потребно за даночната постапка.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член мора однапред во соодветен рок да биде известено за увидот.

**Доказна сила на сметководството**

Член 65

Оданочувањето се темели на податоци од сметководството и од евиденциите на даночниот обврзник кои се водат во согласност со одредбите од членовите 45, 46 и 47 на овој закон, освен во случај кога упатуваат на нивна неточност.

**Заложно доверителство (фидуцијарно право)**

Член 66

Лицето кое тврди дека правата кои гласат на негово име или предметите кои се наоѓаат во негово владение ги поседува или ги држи само како застапник на друго лице - заложен доверител, мора на барање на Управата за јавни приходи во даночната постапка да докаже кое лице е сопственик на тие права, односно на тие предмети или во спротивно ќе се смета дека тие се негова сопственост.

**Именување на доверители и примачи**

Член 67

(1) Долговите и другите товари, деловните трошоци, трошоците за реклама и другите трошоци, нема да бидат земани предвид за даночни цели, доколку даночниот обврзник не го исполни барањето на Управата за јавни приходи да ги именува доверителите и примачите.

(2) Доверителот или примачот според ставот (1) на овој член, се смета за именуван кога неговото име и неговата адреса се наведени така што надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи ќе може без тешкотии и во разумен временски рок да го утврди неговото постоење.

(3) Во случаите од членот 50 став (2) на овој закон, даночниот обврзник мора точно да ги именува доверителите и примачите, како и да достави доказ за нив.

(4) Управата за јавни приходи го задржува правото да ја утврди фактичката состојба во случаи битни за оданочувањето.

**Изјава под заклетва**

Член 68 – се брише

**Право на одбивање на давање информации**

Член 69

(1) Информација за факти битни за оданочување на даночниот обврзник можат да одбијат:

1) припадници на даночниот обврзник;

2) свештени лица, адвокати, нотари, даночни советници, ревизори, лекари, медицински персонал, коишто во ова својство се здобиле со информација и

3) лица кои уживаат имунитет по сила на законот.

(2) Правото на одбивање да дадат информации се однесува и за помошниците и лицата кои се наоѓаат на обука за таа професија кај лицата од ставот (1) точка 2 на овој член. За правото на одбивање на давање информации на овие лица одлучуваат лицата наведени во ставот (1) точка 2 на овој член.

**Право на одбивање на давање информации во случај на опасност за самооткривање**

Член 70

(1) Лицата, со исклучок на даночниот обврзник, кои се должни да даваат информации во смисла на членот 60 од овој закон, не треба да дадат информација со којашто самите или нивните припадници од членот 4 точка 13 на овој закон би ги изложиле на кривично гонење.

(2) Управата за јавни приходи треба да ги поучи лицата од ставот (1) на овој член, за нивното право за одбивање на давање информации. Во записникот мора да се наведе дека лицата се запознати со ова право.

**Право на одбивање на давање стручно мислење и документи**

Член 71

(1) Случаите и условите под кои не мора да се даде информација утврдени во членот 69 од овој закон, се однесуваат и на правото на одбивање на давање стручно мислење и давање на увид на документи.

(2) Лицето кое во името на даночниот обврзник ги чува документите, деловните книги, евиденцијата, како и други предмети, мора да ги стави на увид, доколку даночниот обврзник би бил должен сам да ги чува.

**Трошоци на лицата кои се обврзани да дадат податоци**

Член 72

Трошоците кои настанале со давање на податоци, се на товар на лицата должни да дадат податоци.

**Рокови и термини**

Член 73

За пресметување на рокови и одредување на термини важат одредбите на Законот за општата управна постапка, ако со овој закон поинаку не е уредено.

**Продолжување на роковите**

Член 74

(1) Рокот за поднесување на даночна пријава може да се продолжи. Барањето за продолжување на рокот за поднесување на даночна пријава мора да биде поднесено писмено кај надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи. Барањето треба да биде образложено за што даночниот обврзник е должен да достави соодветни докази за причините поради кои се бара продолжување на рокот.

(2) Управата за јавни приходи може продолжувањето на рокот за поднесување на даночна пријава да го врзе за нов рок, како и да го направи зависно од други услови.

(3) Барањето за продолжување на рокот за поднесување на даночна пријава мора да биде поднесено пред истекот на рокот пропишан за поднесување на даночна пријава. Рокот за поднесување на даночна пријава може да биде продолжен. Надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи одлучува во најкус можен рок, а за својата одлука го известува даночниот обврзник.

(4) Доколку барањето за продолжување на рокот за поднесување на даночна пријава биде одбиено, даночниот обврзник е должен даночната пријава да ја поднесе во пропишаниот рок, а доколку истекол овој рок, во рок од три дена од денот на доставувањето на известувањето дека

барањето од став (1) на овој член му е одбиено.

## Враќање во поранешна состојба

Член 75

(1) Доколку даночниот обврзник, не по своја вина, бил спречен да запази законски рок или рок што го определила Управата за јавни приходи тогаш, по негово барање, треба да му се дозволи враќање во поранешна состојба. Вината на застапникот оди на товар на даночниот обврзник.

(2) Барањето треба да се поднесе во рок од еден месец од денот на престанувањето на причината за пропуштање или од денот од кој даночниот обврзник дознал за причината за пропуштање.

(3) Во барањето треба јасно да бидат образложени и веродостојни причините за пропуштање на рокот.

(4) По истекот на една година од крајот на пропуштениот рок, не може да биде поднесено барање за враќање во поранешна состојба, освен во случај на виша сила.

(5) Пропуштеното дејство треба да биде спроведено за време на рокот за поднесување на барање за враќање во поранешна состојба.

(6) За барањето за враќање во поранешна состојба одлучува Управата за јавни приходи.

## Процена на даночната основа

Член 76

(1) Доколку Управата за јавни приходи не може да ја утврди даночната основа врз основа на деловните книги и евиденцијата, врши процена.

(2) Управата за јавни приходи врши процена, особено кога:

1) книгите и евиденциите кои треба да се водат според посебните даночни закони, а не се поднесени;

2) не се издадени со закон пропишани сметки;

3) деловните книги не се водат точно, уредно или целосно;

4) основата за оданочување не е докажана со соодветни докази;

5) даночниот обврзник не учествува во даночната постапка и

6) даночниот обврзник го одлага или оневозможува спроведувањето на даночната постапка.

(3) При процената треба да бидат земени предвид сите околности кои би можеле да бидат битни за проценката. При процената Управата за јавни приходи постапува по начелото на слободно одлучување согласно со членот 6 став (2) на овој закон. Притоа Управата за јавни приходи ќе го земе предвид доказниот материјал на даночниот обврзник и неговата одговорност за разјаснување на фактичката состојба. За време на процената Управата за јавни приходи ќе утврди фактичка состојба за којашто постои одредена веројатност. Врз основа на фактичката состојба таа може да извлече заклучоци кои нема да бидат во корист на даночниот обврзник.

# Глава четврта
# УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК

## Поим за утврдување на данок

Член 77

(1) Утврдувањето на данок се врши од страна на:

1) даночниот обврзник со самооданочување и

2) Управата за јавни приходи со донесување на даночно решение и тоа во:

а) постапка на надворешна контрола;

б) случај кога со закон е пропишано да не се спроведува самооданочување и

в) случај кога со закон е пропишано дека и покрај самооданочувањето мора да се донесе даночно решение.

(2) Одредбите за утврдување на данок се применуваат и за утврдување на споредни даночни давачки.

(3) Даночно решение мора да биде донесено и во случај даночниот обврзник целосно или делумно да е ослободен од данок или кога неговото барање за утврдување на данок е одбиено.

(4) Во случаите од ставот (1) точка 1 на овој член, даночно решение мора да се донесе доколку има отстапување од самооданочувањето на даночниот обврзник.

**Посебни случаи за недонесување на даночно решение**

Член 78

(1) Управата за јавни приходи не мора да донесе даночно решение ако трошоците за утврдување и за наплата на данокот би биле несразмерни со висината на данокот што треба да се утврди.

(2) Во случај на погрешно утврдена висина на данок, даночното решение не мора да се менува ако зголемениот износ на данокот би бил несразмерен со трошоците во постапката за менување на решението.

**Форма и содржина на даночно решение**

Член 79

(1) Даночно решение мора да се донесе во писмена форма и мора да се означи како решение.

(2) Даночното решение мора да содржи:

1) назив на надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи која што го издала решението;

2) број на актот;

3) дата;

4) ЕДБ;

5) име и адреса на даночниот обврзник;

6) адреса на доставување на застапникот во случаите од членовите 19, 20 и 21 на овој закон;

7) вид на данокот;

8) период на оданочување;

9) основа за оданочување и за пресметување;

10) даночна стапка;

11) налог за плаќање;

12) рок за плаќање;

13) образложение;

14) правна поука;

15) потпис на овластеното лице и

16) печат на Управата за јавни приходи.

(3) Даночното решение може да содржи и дополнителни забелешки и услови.

**Привременост**

Член 80

(1) Самооданочувањето според членот 77 став (1) точка 1 од овој закон е привремено.

(2) Даночното решение може да биде привремено, кога:

1) даночното утврдување уследило по податоци од даночниот обврзник и Управата за јавни приходи сé уште не го испитала даночното решение во целост и

2) не е сигурно дали постојат предуслови за настанување на данокот.

(3) Привременото даночно решение мора да биде означено како такво.

**Промена на самооданочувањето**

Член 81

(1) Самооданочувањето може да биде променето со даночно решение на Управата за јавни приходи во рок од една година од поднесувањето на даночната пријава.

(2) По истекот на една година, а во рокот на застареност самооданочувањето може да биде променето само доколку:

-самооданочувањето се заснова на свесна измама,

-на друг начин промената е дозволена со закон и

-даночниот обврзник се согласил со промената.

**Престанок или промена на даночно решение**

Член 82

(1) Доколку даночното решение е привремено тоа може да престане или да биде променето се до застарувањето.

(2) Конечните даночни решенија можат да престанат или да бидат променети само, доколку:

1) даночниот обврзник се согласи;

2) даночното решение е издадено од ненадлежна организациона единица на Управата за јавни приходи;

3) е донесено со недозволени средства, како што се измама, закана или поткуп;

4) дополнително се појаваат нови факти или доказни средства коишто одат до поголем данок и

5) на друг начин промената е дозволена со закон.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, важат и за промени во постапка по жалба.

**Постапка за утврдување на даночна гаранција**

Член 83

(1) Лицето кое гарантира согласно со членовите од 29 до 34 на овој закон за туѓи даночни долгови, се задолжува со решение за гаранција, за кое соодветно важат одредбите за даночно решение.

(2) Даночно решение не може да се донесе, доколку даночното побарување против главниот должник е застарено или истото не постои.

**Глава петта**

**НАДВОРЕШНА КОНТРОЛА**

**Видови на надворешна контрола**

Член 84

Надворешна контрола во смисла на овој закон е:

1) контрола на претпријатија;

2) контрола на данокот на додадена вредност (ДДВ) и

3) други видови на надворешна контрола за кои е надлежна Управата за јавни приходи.

**Задачи на одделенијата за надворешна контрола**

Член 85

Задача на секоја надворешна контрола е да се:

1) изврши проверка, утврдување и оценување на состојби што се од важност по однос на даноците;

2) обезбеди рамноправност во оданочувањето и

3) обезбеди дека:

а) не доаѓа до намалено пресметување, пријавување и плаќање на данок,

б) без право не е доделено или некому забрането даночно олеснување,

в) не доаѓа до неправедно припишување на даноци и/или

г) без право не е доделено, ниту забрането враќање на данок.

**Даночни обврзници кај кои е допуштена надворешната контрола**

Член 86

(1) Надворешната контрола е допуштена кај даночни обврзници:

1) трговски друштва;

2) земјоделско, шумарско и водостопанско претпријатие или се занимаваат со слободни занимања (адвокати, нотари, извршители, лекари) и други вршители на дејност и

3) кај даночни обврзници кои не ја исполниле обврската за регистрација.

(2) Кај даночни обврзници кои не се споменати во ставот (1) на овој член, надворешната контрола е допустлива, ако:

1) истата се однесува на обврската на даночниот обврзник да плати данок за друго лице или да задржува или да плаќа даноци или

2) ако односите што се битни за оданочувањето треба да бидат расветлени и ако е неопходно реализирање на надворешна контрола според видот и обемот на фактичката состојба за која треба да биде извршена контрола.

**Надлежност на одделението за надворешна контрола**

Член 87

(1) Надворешната контрола се извршува од страна на одделението за надворешна контрола во организационите единици на Управата за јавни приходи надлежни за оданочување (во натамошниот текст: одделението за надворешна контрола).

(2) Одделението за надворешна контрола одлучува, согласно со својата обврска за оценување дали и кога треба да биде реализирана една надворешна контрола.

(3) Одделението за надворешна контрола од ставот (1) на овој член може да ангажира друго одделение за надворешна контрола со цел за извршување на истата. Така ангажираното одделение за надворешна контрола може да извршува утврдувања на даночните основи во име на одделението од кое го добило налогот, како и да дава обврзувачка согласност во смисла на членовите 105, 106, 107 и 108 од овој закон.

**Инспектори**

Член 88

(1) Надворешната контрола ја вршат овластени даночни инспектори (во натамошниот текст: инспектор).

(2) Инспекторот е одговорен за навремено, компетентно и економично исполнување на своите задачи.

(3) За предметот на контролата формира инспекторско досие.

(4) Почетокот на вршење на надворешната контрола, со информација за датумот и времето, инспекторот ги запишува во инспекторското досие.

**Обем на надворешната контрола**

Член 89

(1) Надворешната контрола служи за утврдување и преиспитување на даночните односи на даночниот обврзник. Таа може да опфати еден или повеќе видови даноци, еден или повеќе периоди на оданочување, или пак, да се ограничи на одделни фактички состојби.

(2) Определувањето на обемот на надворешната контрола, надлежното одделение за надворешна контрола го врши по самостојно - сопствено согледување, како негова службена должност.

**Налог за надворешна контрола**

Член 90

Предметот и периодот на надворешната контрола го определува раководителот на надлежното одделение за надворешна контрола согласно со членот 87 од овој закон, во писмено изготвен налог за контрола.

**Содржина на налогот за надворешна контрола**

Член 91

(1) Налогот за надворешна контрола ги содржи следниве задолжителни елементи:

1) назив на надлежното одделение за надворешна контрола;
2) број и дата;
3) име, односно назив на даночниот обврзник на кој се однесува, како и неговиот ЕДБ;
4) правни основи на надворешната контрола;
5) видови даноци што треба да бидат контролирани;
6) одделни фактички состојби што треба да бидат контролирани ;
7) период на контрола;
8) упатство за правата и обврските на даночниот обврзник во текот на контролата;
9) правна поука;
10) потпис на овластено лице и
11) службен печат.

(2) Налогот може да биде во електронска форма, при што соодветно се применува членот 43 став (5) на овој закон.

(3) Со налогот за надворешна контрола можат да бидат опфатени и:

1) временски почеток на контролата;
2) место на контролата;
3) име на инспекторот и
4) барања во врска со контролата.

**Доставување на налогот за надворешна контрола**

Член 92

(1) За налогот за надворешна контрола даночниот обврзник мора да биде известен во соодветен период пред почетокот на контролата, и тоа:

1) четири недели - големи даночни обврзници и концерни од членот 104 на овој закон и

2) две недели - сите други даночни обврзници.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член, нема да се примени ако со тоа би се спречила или попречила контролата. Во тој случај налогот за контрола се доставува непосредно пред почетокот на контролата.

(3) За секое лице - даночен обврзник, кај кое треба да биде реализирана надворешна контрола треба да биде доставен налог за контрола.

(4) Инспекторот може да го одложи почетокот на спроведувањето на надворешната контрола, ако даночниот обврзник поднесе барање пред почетокот на контролата и во него наведе оправдани причини за одложување на контролата, освен во случаите од ставот (2) на овој член.

(5) Како оправдани причини во смисла на ставот (4) на овој член се сметаат:

1) болест на даночниот обврзник;

2) болест на застапникот на даночниот обврзник;

3) болест на вработен во претпријатието кој е од значење за информациите потребни за надворешната контрола;

4) опсежни пречки во претпријатието заради реновирање и

5) опсежни пречки во претпријатието заради виша сила.

## Место на надворешната контрола

Член 93

(1) Надворешната контрола се врши во деловните простории на даночниот обврз- ник. Даночниот обврзник за таа цел мора бесплатно да стави на расплолагање соодветно место за работа и потребна опрема.

(2) Доколку не постои деловен простор кој е погоден за вршење на надворешната кон-трола, тогаш контролата се врши во службените простории на Управата за јавни приходи или со согласност на даночниот обврзник во неговите станбени простории. Доколку контролата не се врши во деловните простории, инспекторот е должен да ги разгледа деловните простории и за тоа да состави белешка, која се внесува во записник.

(3) Инспекторот има право да влегува на земјиште и во деловни простории во кои да-ночниот обврзник ја врши дејноста и да ги прегледа. На даночниот обврзник или на неговиот застапник мора да им се овозможи присуство при прегледувањето на деловните простории.

## Обврска за легитимирање

Член 94

Инспекторот за надворешна контрола е должен да ја покаже легитимацијата на почетокот на вршење на надворешната контрола.

## Начела на надворешната контрола

Член 95

(1) Инспекторот мора да ги испита фактичките и правните односи кои се меродавни за основите за оданочување (даночната обврска и за одмерување на даноците). Контролата се врши како во случаи кога тоа оди во полза на даночниот обврзник, така и во случаи ко- га тоа не е во негова полза.

(2) Надворешната контрола треба да биде насочена кон суштинското. Инспекторот треба да определи тежишта на контролата. Областите кои не се од значење за контролата треба да се

исклучат.

(3) Траењето на надворешната контрола треба да се ограничи на потребното време.

(4) Инспекторот за време на контролата, треба да го информира даночниот обврзник за констатираните фактички состојби и за даночните последици. Информирањето нема да се примени, доколку тоа влијае на целта и на текот на надворешната контрола.

(5) Доколку во текот на надворешната контрола се покаже дека нема релевантни констатации во поглед на предметот на контролата, во тој случај контролата треба да се запре.

**Должност за истражување**

Член 96

Одделението за надворешна контрола ја утврдува фактичката состојба по службен пат, го определува видот и опфатот на истражување според сопствено мислење што е соодветно на она што го бара обврската. Опфатот на овие должности се определува според околностите на секој поединечен случај, при што соодветно се применува членот 95 став (1) од овој закон.

**Обврски за соработка на даночниот обврзник**

Член 97

(1) Даночниот обврзник е должен да соработува во утврдувањето на фактичката состојба.

(2) Даночниот обврзник својата обврска за соработка ја исполнува преку потполно и веродостојно приложување на фактите кои се значајни за оданочувањето, а ги доставува и нему познатите доказни средства. Опфатот на овие должности се определува според околностите на секој поединечен случај.

(3) Даночниот обврзник во смисла на ставот (2) на овој член, особено е должен да ги извршува следниве работи:

а) да дава информации;

б) да доставува на увид и контрола деловни книги, евиденции, деловна документација
и други исправи;

в) да ги дава потребните појаснувања за разбирање на неговото даночно објаснување и книговодство и

г) да му дава поддршка на инспекторот за надворешна контрола при извршувањето на неговата обврска за истражување според членот 96 од овој закон.

4) Одредбата од ставот (3) на овој член, се применува и во случаи кога информациите и документите не се однесуваат непосредно на временскиот период кој се контролира, а ова се смета за неопходно при утврдување на фактичката состојба.

**Лица за информации**

Член 98

(1) Даночниот обврзник е обврзан според членот 97 од овој закон за давање информации.

(2) Даночниот обврзник може да именува лица за давање информации. Инспекторот треба на почетокот на надворешната контрола да укаже на правото од ставот (1) на овој член. Имињата на лицата за информации треба да се забележуваат во записникот од контролата.

(3) Инспекторот смее да прибира информации од вработените во претпријатието кои не се именувани како лица за давање информации.

**Информација и доставување на документи од трети лица**

Член 99

Даночниот обврзник и други лица мораат, по барање на инспекторот, да му даваат инфомации кои се потребни за констатирање и контрола на фактичката состојба што е битна за оданочувањето. Инспекторот за надворешна контрола може од овие лица да побара приложување на книги, белешки, документи и деловна документација, при што соодветно се применува членот 60 од овој закон.

**Сомнение за даночно казниво работење**

Член 100

Доколку за време на надворешната контрола или најдоцна во текот на завршниот разговор одржан според членот 101 од овој закон, се појави сомнение за сторено даночно казниво дело од страна на даночниот обврзник, во тој случај треба без одлагање против даночниот обврзник да се поведе казнена постапка. Даночниот обврзник треба да биде информиран за тоа.

**Завршен разговор**

Член 101

(1) Во врска со резултатот од надворешната контрола, инспекторот треба да води разговор со даночниот обврзник (завршен разговор).

(2) Завршниот разговор не мора да се одржи, кога:

1) даночниот обврзник се откажува од истиот или

2) за време на надворешната контрола не произлегле констатации кои водат кон промена на основата за оданочување.

(3) Даночниот обврзник може на завршниот разговор да вклучи и други лица кои ја познаваат таа работа, и тоа особено:

1) даночен советник;

2) вработени лица во претпријатието кои го познаваат книговодството и сметководството;

3) други стручни и компетентни вработени лица во претпријатието и

4) други лица кои се во врска со констатациите од контролата.

(4) На завршниот разговор, покрај инспекторот за надворешна контрола, можат да учествуваат и други лица, како што се:

1) раководителот на одделението за надворешна контрола;

2) вработени во Управата за јавни приходи - Генерална дирекција и

3) други лица вработени во Управата за јавни приходи надлежни за оданочувањето.

(5) На завршниот разговор треба да се разговара особено за:

1) спорните точки;

2) правното оценување на состојбите од контролните наоди и

3) даночните последици од контролните наоди.

(6) Доколку се одржи завршен разговор во смисла на ставот (1) од овој член, даночниот обврзник треба навреме да се извести за точките на разговорот и за терминот на завршниот разговор, при што соодветно се применува членот 92 ставови (4) и (5) од овој закон.

(7) Доколку врз основа на констатациите од контролата произлегува можност да мора да се поведе казнена постапка, за тоа се известува даночниот обврзник согласно со членот 100 став (1) од овој закон. Известувањето се внесува во записникот со наведување на податок за датумот и времето.

**Записник од извршена надворешна контрола**

Член 102

(1) За резултатот од надворешната контрола се изготвува записник во писмена форма.

(2) Во записникот од надворешната контрола треба да се внесат констатациите од контролата кои се фактички и правно битни за оданочувањето, како и измените на основите за оданочување.

(3) Записникот од надворешната контрола треба да му се испрати на даночниот обврзник и да му се даде можност за произнесување.

**Доставување на налог за контрола и записник од контрола**

Член 103

Налогот за надворешна контрола и записникот од извршената контрола му се доставува на даночниот обврзник согласно со членот 44 од овој закон.

**Контрола на концерни**

Член 104

(1) Концерн во смисла на овој закон постои, ако:

1) најмалку две претпријатија се меѓусебно поврзани согласно со Законот за трговските друштва или

2) постојат едно раководечко или владејачко и најмалку едно независно претпријатие или

3) надворешниот промет на сите претпријатија што потпаѓаат под концернот годишно изнесува најмалку 800.000.000 денари.

(2) Претпријатија или друштва што припаѓаат на некој концерн се контролираат според следниве принципи:

1) под единствено раководство;

2) единствени параметри и

3) во меѓусебна временска корелација.

(3) Едно претпријатие што припаѓа на повеќе концерни, според ставот (2) на овој член, треба да се контролира заедно со концернот што поседува најголем удел во претпријатието. Кај еднакви удели, претпријатието треба да се подреди на оној концерн, кај кој се наоѓа раководството на тоа претпријатие.

**Обврзувачка согласност врз основа на надворешна контрола**

**Предуслови за обврзувачка согласност**

Член 105

(1) По реализација на надворешната контрола, по писмено барање на даночниот обврз ник, Управата за јавни приходи треба да му даде објаснување како одредена фактичка состојба ќе биде даночно-правно третирана во иднина (во натамошниот текст: обврзувачка согласност).

(2) Предуслови за давање на обврзувачка согласност се:

1) фактичката состојба за која е поставено прашањето да била предмет на реализирана контрола и истата била контролирана;

2) фактичката состојба и нејзиниот даночно-правен третман за контролираниот период да е содржана за оданочување во записникот од надворешната контрола и

3) да е од значење за деловните активности на даночнот обврзник, како Управата за јавни приходи во иднина ќе ја третира даночно-правно таквата состојба.

(3) Барањето за обврзувачка согласност се доставува во рок до три месеца по испраќањето на записникот од надворешната контрола.

(4) По барањето за давање на обврзувачка согласност решава организационата единица на Управата за јавни приходи надлежна за оданочување.

**Форма на обврзувачката согласност**

Член 106

(1) Обврзувачката согласност писмено се доставува, без условување и се означува како обврзувачка.

(2) Обврзувачката согласност мора да содржи:

1) фактичка состојба што претставува основа за обврзувачката согласност;

2) решение по барањето за обврзувачка согласност;

3) причини што се меродавни за донесената одлука и

4) податоци за тоа за кој временски период и за кои видови даноци треба да важи обврзувачката согласност.

**Последица од обврската на обврзувачката согласност**

Член 107

(1) Обврзувачката согласност е обврзувачка за оданочувањето во случај кога фактичката состојба е идентична со фактичката состојба која претставува основа на обврзувачката согласност.

(2) Доколку фактичката состојба која била констатирана и даночно проценета по доставувањето на обврзувачката согласност не соодветствува на фактичката состојба која била поставена како основа на обврзувачката согласност во тој случај Управата за јавни приходи не е обврзана кон согласноста.

(3) Во случајот од ставот (2) на овој член, не е потребно поништување на обврзувачката согласност.

(4) Важноста на обврзувањето од ставот (1) на овој член, не се применува доколку обврзувачката согласност не е во полза на даночниот обврзник и не е во согласност со постојните прописи.

**Завршување, укинување и измена на обврзувачката согласност**

Член 108

(1) Обврзувачката согласност престанува да се применува, доколку дојде до промена напрописите врз основа на кои е донесена одлуката.

(2) Надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи може да ја укине или измени обврзувачката согласност по однос на нејзината примена во иднина. За укинувањето или измената треба писмено да го извести даночниот обврзник.

(3) Укинувањето или измената на обврзувачката согласност со ретроактивна важност е дозволена само, ако:

1) даночниот обврзник се согласи;

2) е доставена од страна на организациона единица на Управата за јавни приходи која не е надлежна за тоа или

3) обврзувачката согласност е донесена врз основа на лага, закана или поткупување.

**Даночна истрага**

Член 109 – се брише

**Глава шеста**

**ЗАСТАРУВАЊЕ НА УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК И СПОРЕДНИ ДАНОЧНИ ДАВАЧКИ**

Член 110

(1) Утврдувањето на данокот и споредните даночни давачки, нивна промена и престанок не е дозволено, доколку истекол рокот за застарување.

(2) Застарувањето на даноците и споредните даночни давачки започнува со истекот на годината во која што е остварена фактичката состојба.

(3) Рокот за застареност изнесува пет години, а во случаи на даночно затајување изнесува десет години.

(4) Прекинување на рокот на застареност започнува со секој даночен управен акт што се однесува на фактичката состојба, а трае до правосилно завршување на постапката.

(5) По секој прекин на рокот, започнува да тече нов рок на застареност.

(6) Во секој случај по истекот од десет години, застарува утврдувањето на данокот и споредните даночни давачки.

## Глава седма
## РЕАЛИЗАЦИЈА, ДОСПЕАНОСТ И ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОК

### Прво поглавје
### ОПШТИ ОДРЕДБИ

#### Достпеаност

Член 111

(1) Доспеаноста на данокот се утврдува според роковите утврдени со посебните даночни закони.

(2) Со започнување на постапка по правен лек и судска постапка не се продолжува рокот на доспеаност.

#### Продолжување на доспеаноста

Член 111-а

(1) Управата за јавни приходи, на барање на даночниот обврзник ја продолжува доспеаноста на плаќањето на данок кога постојат сериозни сомневања во правилноста на даночното решение или кога доспеаноста за даночниот обврзник би претставувала нарушување на неговото постоење поради објективни околности кои настанале непосредно пред доставувањето на барањето.

(2) Продолжувањето на доспеаноста Управата за јавни приходи ја условува со гаранција за обезбедување на плаќањето.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член продолжувањето на достасаноста може да биде и без гаранција, за даночните обврзници кои во претходниот даночен период немаат даночни долгови.

(4) Продолжувањето на достасаноста од став (3) на овој член може да биде најмногу до 90 дена.

(5) За време траењето на продолжената достасаност на плаќањето на данокот не се пресметува камата.

#### Причини за одлагање на плаќање на даночен долг

Член 111-б

(1) Управата за јавни приходи, на барање на даночниот обврзник, во целост или делумно го одлага плаќањето на даночен долг на денот на доспеаноста, доколку се утврди дека извршувањето на даночните обврски би го нарушило процесот на неговото деловно работење, претставува значително оптоварување за даночниот обврзник и/или со плаќањето се нанесува битна штета на даночниот обврзник.

(2) Барањето за одлагање на плаќањето на даночниот долг мора да биде образложено.

(3) Одлагањето Управата за јавни приходи го условува со гаранција за обезбедување на плаќањето.

(4) За времетраење на одобреното одлагање на плаќање на даночен долг се плаќа камата. Пресметувањето на каматата се врши согласно со членот 123 од овој закон.

### Видови на гаранции

Член 111-в

(1) Гаранција за обезбедување на плаќање на даночен долг е:

1) хипотека од прв ред на недвижност на даночен обврзник;

2) залог на подвижни предмети на даночниот обврзник;

3) неотповиклива банкарска гаранција и

4) гаранција од друго лице.

(2) Вредноста на гаранцијата за обезбедување на плаќањето не може да биде помала од 100% од висината на даночниот долг чија наплата се обезбедува, освен за вредноста на неотповиклива банкарска гаранција од став (1) точка 3) на овој член, која не може да биде помала од 75% од висината на даночниот долг чија наплата се обезбедува.

(3) Банкарската гаранција од ставот (1) точка 3 на овој член треба да е издадена од банка која при последната супервизија на Народната банка на Република Македонија била позитивно оценета со оценка од 1 до 3.

### Начин и постапка за одлагање на плаќање на даночен долг

Член 111-г

Плаќањето на даночниот долг може да се одложи за определен рок во еднократен износ или на рати, но не повеќе од 36 месечни рати. Одлагање на плаќање на даночен долг.

Член 111-д

(1) Директорот на Управата за јавни приходи, ќе го одложи плаќањето на даночниот долг имајќи ги предвид редовноста на даночниот обврзник при исполнувањето на даночните обврски, видот и обемот на штетата на даночниот обврзник која би настанала од извршувањето на даночниот управен акт, односно од нарушувањето на процесот на неговото деловно работење.

(2) Против решението со кое е одбиено барањето за одлагање на плаќањето на даночниот долг, даночниот обврзник има право да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.

### Укинување на одобрение за одлагање на даночен долг

Член 111-ѓ

Доколку даночниот обврзник не изврши уплата на даночниот долг во рокот одобрен за одложено плаќање, односно не уплати две последователни рати во случај на одобрено плаќање на рати на даночниот долг, Управата за јавни приходи долгот го наплатува од дадената гаранција за обезбедување на плаќањето од членот 111-в став (1) од овој закон и/или во постапка на присилна наплата.

**Продолжување на пристигнатоста**

Член 112 - се брише

**Одлагање на плаќање на даночен долг**

Член 113 - се брише

**Видови на гаранции**

Член 114 - се брише

**Укинување на одобрение за одлагање на даночен долг**

Член 115 - се брише

## Второ поглавје
## РЕДОВНО НАМИРУВАЊЕ НА ДАНОК

**Форми на редовно намирување на данок**

Член 116

Редовно намирување на данок, по правило, се врши со плаќање на паричен износ на пристигнатиот даночен долг на пропишани уплатни сметки за јавни приходи во рокови пропишани со закон.

**Ден на плаќање на данок**

Член 117

(1) Ден за плаќање на данок се смета денот кога:

1) даночниот обврзник издал на банката налог за плаќање (во натамошниот текст: даночен налог) од неговата сметка да пренесе на пропишаната уплатна сметка за јавни приходи одреден износ на средства, под услов на сметката да има доволно средства;

2) должниот износ е уплатен на банката, со налог да изврши уплата на пропишана уплатна сметка за јавни приходи;

3) запленети пари се уплатени на соодветна сметка за јавни приходи;

4) е донесено решение од Управата за јавни приходи за пренос на предмети во сопственоста на Република Македонија согласно со членот 140 став (2) на овој закон и

5) износот остварен со продажба на движни предмети и недвижности во постапка на присилна наплата на даноци и споредни даночни давачки е уплатен на пропишана уплатна сметка за јавни приходи.

(2) Ако данокот е платен во готово или на некој друг начин (со чек, кредитна картичка и слично), како ден на плаќање се смета денот кога парите се уплатени на уплатната сметка за јавни приходи.

**Извршување на даночен налог**

Член 118

(1) Даночниот обврзник кој плаќањето го врши со даночен налог мора да обезбеди на својата сметка средства за плаќање на пристигнатите даноци и споредни даночни давачки.

(2) За извршување на даночниот налог се користат средствата на даночниот обврзник од сите негови сметки отворени кај банка, ако средствата не се иземени заради посебен режим на залог во согласност со овој закон.

(3) Кога на сметката на даночниот обврзник се обезбедени средства, банката го извршува даночниот налог до крај на работниот ден, а најдоцна во рок од 24 часа од приемот на налогот.

(4) Ако банката не изврши уплата на пропишаната уплатна сметка за јавни приходи во рокот од ставот (3) на овој член, а на сметката на даночниот обврзник имало расположливи средства, последиците од неплаќањето на данокот во рокот на пристигнатост паѓаат на товар на банката.

**Редослед на намирување**

Член 119

(1) Даночниот обврзник или друг даночен должник при уплатата на пристигнатиот данок го наведува видот на данокот кој го плаќа.

(2) Ако износот на уплатата по основ на даноци или побаруваниот данок е поголем од долгуваниот износ, износот на претплатата се користи за намирување на обврските по истиот основ кои пристигнуваат подоцна.

(3) Во случајот од ставот (2) на овој член, се намируваат пристигнати обврски и по друг основ или се врши поврат на данокот, за што се известува даночниот обврзник.

**Откажување од побарување**

Член 120

(1) Управата за јавни приходи може целосно или делумно да се откаже од побарување на даночен долг доколку наплатата во одделен случај е несоодветна.

(2) Постапката за откажување од побарување од ставот (1) на овој член, се уредува со закон.

**Опомена за плаќање на данок**

Член 121

(1) Управата за јавни приходи на даночниот обврзник кој во целост или делумно по пристигнатоста не го платил данокот, односно споредната даночна давачка, му праќа опомена за видот и износот на данокот, односно споредните даночни давачки пристигнати за наплата, со која му наложува пристигнатиот износ да го плати веднаш, а најдоцна во рок од една седмица од денот на приемот на опомената.

(2) Опомената од ставот (1) на овој член, се доставува по пошта согласно со членот 44 од овој закон, а со цел за поголема ефикасност се праќа, кога е можно, и по е-маил, теле-факс, телефон или по курир.

(3) Ако опомената за плаќање данок се праќа по телефон, службеното лице на Управата за јавни приходи за тоа составува службена белешка и ја приложува во списите по предметот.

**Воспоставување залог пред присилна наплата на данок**

Член 122

Управата за јавни приходи може веднаш по пристигнатоста на данокот да запише заложно право во регистарот на заложни права од членот 135 став (4) на овој закон.

**Застарување на наплата**

Член 122-а

(1) Наплатата на даноците и споредните даночни давачки застарува во рок од десет години од истекот на годината во која данокот и споредните даночни давачки пристигнале за плаќање.

(2) Враќање на повеќе или погрешно уплатен или наплатен данок, како и споредни даночни давачки не може да се бара доколку истекол рокот на застарување.

(3) Рок на застареност од ставот (2) на овој член, изнесува пет години сметано од уплатата, а во секој случај по истекот од десет години застарува враќањето на повеќе и погрешно уплатениот или наплатен данок.

## Трето поглавје
## КАМАТА

### Општи одредби за каматата

Член 123

(1) На износот на помалку или повеќе платениот данок и споредните даночни давачки освен каматата се пресметува и наплатува камата во висина од 0,03% за секој ден задоцнување.

(2) На долгуваниот данок и споредната даночна давачка, каматата се пресметува почнувајќи од наредниот ден од денот на првобитната пристигнатост.

(3) На износот на повеќе платен данок и споредни даночни давачки каматата се пресметува по истекот на рокот од 30 дена од денот на приемот на барањето за враќање.

## Четврто поглавје
## ПРИСИЛНА НАПЛАТА
## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Овластување за присилна наплата

Член 124

(1) Управата за јавни приходи може да врши присилна наплата по даночни управни акти со кои се побарува данок или споредна даночна давачка.

(2) По даночни управни акти може да се врши присилна наплата доколку нивното спроведување не е одложено или спроведувањето е спречено заради правен лек.

### Доверител и должник во присилна наплата

Член 125

(1) Доверител во присилна наплата е Управата за јавни приходи на даночните долгови кои треба присилно да бидат наплатени.

(2) Должник во присилна наплата е лицето кое должи данок или споредна даночна давчка кои што треба да бидат присилно наплатени.

### Почеток на присилна наплата

Член 126

(1) Присилната наплата може да започне доколку:

а) долгот е пристигнат;

б) должникот во присилна наплата е повикан да плати и

в) од повикувањето да плати поминала најмалку една седмица.

(2) Во повикот за плаќање треба да се наведе причината за долгот.

**Жалба против присилна наплата**

Член 127

(1) Против присилната наплата не е дозволена жалба за околности кои се однесуваат на утврдувањето на даночниот долг. Жалба е дозволена само против даночниот управен акт за одредување на присилната наплата.

(2) Спроведувањето на присилната наплата нема да биде попречено со тоа што должникот во присилна наплата поднел жалба против даночниот управен акт по кој треба да биде извршена присилната наплата.

**Завршување и ограничување на постапката за присилна наплата**

Член 128

(1) Присилната наплата мора да се заврши или да се ограничи доколку е:

1) поништен или повлечен даночниот управен акт;

2) поништен даночниот долг и

3) одложен даночниот долг согласно со членот 113 од овој закон.

(2) Во случаите на ставот (1) точки 1 и 2 на овој член, треба да бидат повлечени веќе спроведените мерки за присилна наплата.

**Ограничување или запирање на присилната наплата**

Член 129 – се брише

**Изземање од присилна наплата**

Член 130

Присилната наплата на даночниот долг се извршува од целокупниот имот, приходите и побарувањата на должникот во присилната наплата, освен:

1) облека, обувки, долна облека, постелнина, апарати за домаќинството, кујнски апарати, мебел, кои што му се потребни на должникот во присилната наплата и на членовите на неговото семејство за водење на пристоен и скромен живот;

2) прехранбени производи, средства за огрев и осветлување, кои што на должникот во присилната наплата и на членовите на неговото семејство му се потребни за четири седмици;

3) кај лицата кои се занимаваат со замјоделство и шумарство, апарати, добиток и сточната храна потребна за четири седмици, кои се неопходни за извршување на стопанската дејност;

4) суштински неопходните средства потребни за работа за извршување на професионална дејност;

5) научни, стручни и религиозни книги, како и учебници на должникот во присилната наплата и членовите на неговото семејство;

6) стипендија на ученици и студенти;

7) детски додаток и други примања врз основа на социјална заштита;

8) книги за трошоци, семејни документи, венчални прстени, ордени и медали, како и предмети одредени за погреб и ортопедски помагала коишто се во употреба;

9) примања врз основа на законско издржување;

10) две третини од нето личните примања по основ на работа, но најмногу до износ од 150 евра во денарска противвредност од нето личните примања по основ на работа;

11) противпожарна опрема и

12) лекови, медицински помагала и медицинска опрема.

**Трошоци во постапката за присилна наплата**

Член 131

(1) Во постапката за присилна наплата се наплатуваат трошоци.

(2) Побарувањето кое треба да биде наплатено во присилната наплата се зголемува за еднократна посебна такса во висина од 5% од износот кој треба да биде наплатен во присилната наплата.

(3) Трошоците за присилна наплата наведени во ставот (1) на овој член и посебната такса наведена во ставот (2) на овој член, паѓаат на товар на должникот во присилната наплата.

(4) Висината на трошоците за присилна наплата со тарифа ја определува Владата на Република Македонија.

(5) Ако должникот во присилната наплата го плати даночниот долг по започнување на постапката за присилна наплата не се ослободува од плаќањето на трошоците и еднократната такса.

**Предмети на присилна наплата**

Член 132

(1) Наплатата на даноци во постапката на присилна наплата се спроведува на:

1) парични средства на должникот во присилната наплата;

2) парични побарувања на должникот во присилната наплата;

3) непарични побарувања и други права на должникот во присилната наплата;

4) готови пари и хартии од вредност;

5) движни предмети и

6) недвижности.

(2) Присилната наплата може да се спроведе на еден или повеќе предмети во исто време, што се одредуваат со решение.

**Права на трети лица**

Член 133

(1) Трето лице, освен член на семејството на должникот во присилната наплата, кое тврди дека има право на стварите кои се предмет на присилна наплата на данок, а кое би ја спречило продажбата на имотот, може да поднесе до надлежниот суд излачна тужба.

(2) Судот може да наложи прекин или запирање на спроведување на одредените мерки во текот на постапката за присилна наплата над стварите од ставот (1) на овој член.

(3) Ако лицето од ставот (1) на овој член, даде доказ дека има право над стварите кои се предмет на присилна наплата, Управата за јавни приходи може да ја прекине, односно запре присилната наплата над тие предмети.

**II. ЗАЛОГ**

**Обезбедување на даночно побарување во присилна наплата**

Член 134

(1) Заради обезбедување на даночното побарување во присилна наплата на ствари или на имотните права на должникот во присилната наплата, се воспоставува законско залож но право во корист на даночниот доверител.

(2) Даночен доверител во смисла на ставот (1) од овој член е Република Македонија.

(3) Залогот трае до намирување на даночниот долг или поништување на даночното решение.

**Постапка за воспоставување залог**

Член 135

(1) Врз основа на решението за залог Управата за јавни приходи ги презема следниве мерки:

1) попис на движни предмети и запленување согласно со членот 148 од овој закон;

2) попис на недвижности согласно со членот 152 на овој закон;

3) забрана за пренос на парични средства преку сметка на должникот во присилната наплата отворена кај банка, освен со цел за намирување на обврска по основ на данок и упис на забраната во регистарот на иматели на сметки;

4) забрана на должниците на должникот во присилната наплата да ги платат на должникот во присилната наплата готовинските долгови и упис на забраната во соодветниот регистар и

5) забрана на должниците на должникот во присилната наплата да ги исполнат другите обврски кон него и упис на забраната во регистарот на движни ствари.

(2) Решението од ставот (1) на овој член, се доставува на должникот во присилната наплата и соодветните регистри, должниците на должникот во присилната наплата и носителот на платниот промет.

(3) По извршениот попис на движни ствари или недвижности, Управата за јавни приходи со решение наложува на соодветниот орган да изврши упис на заложно право во регистарот на движни предмети и недвижности.

(4) Решението од ставот (1) точки 2, 3, 4 и 5 и ставот (3) на овој член, се впишува веднаш по доставувањето кај надлежниот орган, во заложниот регистар на движни ствари, во регистарот на недвижности и во регистарот на иматели на сметки, со дата и точното време на прием.

(5) Ако должникот во присилната наплата не е впишан како сопственик на недвижности во јавните книги, Управата за јавни приходи, по предавање на барањето за упис на хипотека, ќе побара од надлежниот орган прво да го впише правото на сопственост на должникот во присилната наплата на таа недвижност врз основа на докази за стекнување на недвижноста во согласност со прописите, а потоа упис на хипотеката на недвижноста.

(6) Законско заложно право во корист на Република Македонија се воспоставува со упис во соодветниот регистар.

**Правни ефекти на залогот**

Член 136

(1) По доставувањето на решението од членот 135 став (1) точки 2, 3, 4 и 5 на овој закон, на должникот во присилната наплата не му е дозволено да располага со предметите од присилна наплата на кои е воспоставен залог, освен на недвижностите.

(2) Со решението за присилна наплата од парични средства на должникот во присилната наплата, се запираат сите финансиски трансакции преку сметката на даночниот обврзник, освен трансакциите кои се однесуваат за намирување на данокот.

(3) Со решението од членот 135 став (1) точки 4 и 5 на овој закон, се забранува на должниците да ги намируваат своите обврски кон должникот во присилната наплата, од денот на доставувањето на тоа решение.

(4) Република Македонија стекнува заложно право на стварите со кои се обезбедува и на побарување во однос на споредни даночни давачки, чиј приоритет се утврдува во согласност со времето на упис во регистарот или времето на известување на должникот.

**Попис на движни ствари**

Член 137

(1) Службеникот на Управата за јавни приходи овластен за спроведување на присилната наплата (во натамошниот текст: даночен извршител) има право, заради извршување на пописот, да влезе на земјиште и во простории во кои должникот во присилната наплата ја врши својата деловна активност, а со судско решение и во стан на даночниот обврзник.

(2) Пред пристапувањето кон попис, даночниот извршител ќе ги покаже документите со кои ги потврдува своите овластувања и решението за присилна наплата и ќе го повика должникот во присилната наплата да го плати должниот износ.

(3) Доколку должникот во присилната наплата се спротиставува, на пописот на движните ствари од ставот (1) на овој член, пописот се спроведува во присуство на еден полнолетен сведок.

(4) Ако во текот на пописот должникот во присилната наплата истакне дека над движната ствар е воспоставено заложно право и упишано во регистарот за заложни права во корист на приватно-правен доверител, даночниот извршител тоа го зема во предвид при утврдување на приходите кои можат да се реализираат.

(5) Даночниот извршител може ако процени дека се основани тврдењата на должникот во присилната наплата или на други лица дека над одредени ствари постојат права кои би можеле да го спречат извршувањето, да не утврди приоритет при пописот на ствари.

(6) Првенство во пописот имаат ствари кои најлесно можат да се впаричат.

(7) Даночниот извршител е овластен да ги оддалечи лицата кои го оневозможуваат спроведувањето на присилната наплата, како и да побара помош од органот за внатрешни работи, ако оневозможувањето продолжи или ако лицето кое ги поседува стварите одбие да ги направи достапни за употреба и спроведување на присилната наплата.

**Попис на недвижности**

Член 138

(1) Управата за јавни приходи, по службена должност, обезбедува доказ за недвижностите кои се сопственост на должникот во присилната наплата од надлежниот орган за водење на регистар на недвижности.

(2) Органот надлежен за водење регистар на недвижности е должен, без надоместок, во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член, да ги достави до Управата за јавни приходи бараните докази.

(3) Заради составувањето на пописот, даночниот извршител има право да влезе на земјиштето и во просториите во кои должникот во присилната наплата ја врши својата дејност, а со судски налог и во стан на должникот во присилната наплата.

**Престанување на залогот**

Член 139

(1) Управата за јавни приходи, во рок од два дена од денот на намирувањето на даночните обврски, поднесува барање за бришење на залогот, односно хипотеката и го известува носителот на платниот промет и должникот на должникот во присилната наплата за престанување на важноста на решението од членот 135 став (1) точки 3, 4 и 5 и став (3) на овој закон.

(2) Во рокот од ставот (1) на овој член, Управата за јавни приходи го известува и должникот во присилната наплата за престанокот на важењето на решението за присилна наплата на данокот.

(3) По исклучок на одредбата од ставот (1) на овој член, кај данокот кој пристигнува периодично или повеќе пати во текот на годината, воспоставеното заложно право на Република Македонија се брише од регистарот најдоцна десет дена по истекот на годината во која е воспоставено, ако обврската по тој данок и соодветните споредни даночни давачки се намирени на 31 декември таа година.

III. ВПАРИЧУВАЊЕ

**Средства на присилна наплата**

Член 140

(1) Присилна наплата се спроведува на:

1) паричните средства на должникот во присилната наплата - со пренос на средства од сметка на должникот во присилната наплата, вклучувајќи ги и средствата од девизна сметка, на уплатната сметка за јавните приходи;

2) паричните побарувања на должникот во присилната наплата - со пренос на побарувањата на уплатната сметка за јавните приходи;

3) други побарувања на должникот во присилната наплата - со забрана, пренос на побарувањата и попис со процена, заплена и продажба на предметите на побарувања;

4) готови пари и хартии од вредност - со попис и запленување;

5) движни предмети - со запленување и продажба по пат на аукција и

6) недвижности - со запленување, утврдување на почетна вредност и продажба по патна аукција.

(2) Управата за јавни приходи може врз основа на решение, по кој било редослед, да применува едно или повеќе средства на присилна наплата од ставот (1) на овој член.

(3) Решението од ставот (2) на овој член, се доставува на должникот во присилната наплата и неговите должници и/или на банка.

**Приходи од впаричување**

Член 141

(1) Запленетите пари и приходи од продажбата на движни предмети и на недвижности Управата за јавни приходи ги уплатува на соодветна уплатна сметка за јавните приходи.

(2) Ако со продажбата е остварена повисока цена од износот на даночната обврска, разликата се враќа на должникот во присилната наплата во рок од 30 дена, а камата се пресметува во корист на должникот во присилната наплата по истекот на тој рок, во согласност со членот 123 од овој закон.

(3) Во случај во рокот од ставот (2) на овој член, кога на должникот во присилната наплата му пристигнала нова даночна обврска која не е платена, разликата остварена со продажбата на движни предмети или недвижности по повисока цена, се користи за намирување на таа обврска.

(4) Приходите од впаричување на предметите на присилна наплата од членот 132 на овој закон се распоредуваат со решение на Управата за јавни приходи според следниот редослед:

1) трошоци на наплата;

2) парична казна;

3) камата и

4) износ на главната даночна обврска.

**Присилна наплата од парични средства**

Член 142

(1) Присилна наплата на данок и на споредни даночни давачки од парични средства на должникот во присилната наплата, врз основа на решението од членот 140 став (2) на овој закон, е пренос на средства од сметка на должникот во присилната наплата отворена кај носител на платен промет на соодветна уплатна сметка на јавните приходи.

(2) Решението за наплата од парични средства на должникот во присилната наплата се извршува на начин утврден со законот кој го уредува платниот промет.

(3) Ако на сметката на должникот во присилната наплата привремено нема средства,

банката го извршува решението сукцесивно, спрема расположливите средства на сметката, сé додека решението во целост не се изврши.

(4) Ако банката не постапи на начинот утврден во ставот (1) на овој член, наплатата на долгуваниот данок и споредните даночни давачки се врши непосредно од средствата кои се наоѓаат на сметката на носителот на платен промет.

(5) Решение за присилна наплата на данок од парични средства на должникот во присилната наплата произведува правно дејство од денот на доставувањето кај банката до денот на намирувањето на обврските, односно до денот на поништувањето на решението.

(6) Решението за присилна наплата на данок од парични средства на должник во присилна наплата има приоритет во наплатата и се извршува пред сите други налози.

**Присилна наплата од парични побарувања**

Член 143

(1) Присилна наплата од парични побарувања на должникот во присилна наплата се извршува врз основа на решението од членот 140 став (2) на овој закон.

(2) Со решението според ставот (1) на овој член, му се налага на должникот на должни кот во присилна наплата својот долг да го намири со уплата на уплатна сметка на јавните приходи по пристигнување на побарувањата.

**Присилна наплата од други побарувања**

Член 144

(1) Присилна наплата од други побарувања на должникот во присилна наплата, кога побарувањето гласи на предавање на предмети или пренос на права на сопственост на должникот во присилната наплата се извршува врз основа на решението од членот 140 став (2) на овој закон.

(2) Со решението според ставот (1) на овој член, му се налага на должникот да го пренесе долгуваниот износ на должникот на должникот во присилната наплата, за правото на сопственост на Република Македонија.

**Присилна наплата од хартии од вредност**

Член 145

(1) Решението за присилна наплата од хартии од вредност Управата за јавни приходи го доставува до банката или до друго правно лице кај кое хартиите од вредност се чуваат, како и до должникот во присилната наплата.

(2) Централниот депозитер за хартии од вредност, банка, односно друго правно лице кај кое се чуваат хартии од вредност, без надоместок, ги доставува до Управата за јавни приходи податоците за хартиите од вредност, вклучувајќи ја и процената на нивната вредност во рок од пет дена од денот на приемот на решението.

(3) Продажбата на хартиите од вредност ја врши Управата за јавни приходи. Постигнатата цена, од која се одбива провизијата и трошоците за продажбата, се уплатува на сме- тка на Управата за јавни приходи и најдоцна наредниот работен ден се уплатува на соодветната уплатна сметка за јавните приходи.

**Присилна наплата од движни предмети**

**Попис на движни предмети**

Член 146

Движните ствари ги попишува, проценува, плени и продава даночен извршител, врз основа на решението од членот 140 став (2) на овој закон.

**Процена на движни предмети**

Член 147

(1) Процената на движни предмети ја врши даночен извршител во текот на пописот.

(2) Управата за јавни приходи може да определи и друго стручно лице како проценител или да прибави извештај за цена на предметите од стручни институции или организации.

(3) За извршениот попис и процена се составува записник.

(4) Записникот од ставот (3) на овој член, се доставува до должникот во присилната наплата на начин пропишан во членот 44 од овој закон.

(5) На процената на попишаните предмети должникот во присилната наплата може да изјави приговор во рок од три дена од денот на доставувањето на записникот.

(6) Во врска со приговорот одлучува надлежното одделение за присилна наплата.

(7) Постапката за присилна наплата се прекинува до донесувањето на заклучок по приговорот.

(8) Против заклучокот по приговорот од ставот (7) на овој член, не е допуштено правно средство.

**Запленување на движни предмети**

Член 148

(1) Попишаниот движен предмет на кој е впишан залог во корист на Република Македонија или е поведена постапка за воспоставување заложно право во корист на Република Маке донија не се запленува од должникот во присилната наплата во моментот на пописот.

(2) Попишаниот движен предмет се запленува од должникот во присилната наплата по истек на рокот од членот 151 став (3) на овој закон.

(3) По исклучок, ако постојат основи на сомнение дека должникот во присилната наплата ќе ја оневозможи продажбата на движниот предмет над кое е воспоставено заложно право на Република Македонија, предметот се запленува во моментот на пописот.

(4) Даночниот извршител е должен да го образложи постоењето на основите на сомнение од ставот (3) на овој член.

(5) За извршеното запленување на движни предмети се составува записник.

**Запленување на расиплива стока**

Член 149

(1) Спротивставувањето на трето лице при запленувањето на расиплива стока или стока чиешто чување предизвикува големи трошоци не го спречува моменталното впаричување согласно со членот 151 став (2) од овој закон.

(2) По докажување на сопственоста на стварите од ставот (1) на овој член од страна на трето лице, приходите од остварената продажба му припаѓаат нему.

**Присилна наплата кога предметот**
**е во владение на друго лице**

Член 150

(1) Ако одреден предмет на должникот во присилната наплата се наоѓа кај друго лице, тоа е должно, на барање на даночниот извршител, да го предаде за потребите на присилната наплата или да го плати даночниот долг на даночниот извршител.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член ќе се смета дека дејствијата на другото лице се извршени по налог на должникот во присилната наплата.

(3) Даночниот извршител е должен на лицето од ставот (1) на овој член, да му издаде

потврда за предавање на предметот, односно уплатата на долгуваниот данок.

**Продажба на движни предмети - аукција**

Член 151

(1) Продажба на движни предмети се врши по пат на усна јавна аукција.

(2) Ако движниот предмет е подложен на расипување или ако неговото чување изискува големи трошоци, Управата за јавни приходи тој предмет го продава по пат на непосредна спогодба, без одлагање.

(3) Кон аукција на запленети движни предмети се пристапува по истекот на рокот од 15 дена од денот на пописот.

(4) На усната јавна аукција движниот предмет може да се продаде само доколку се постигне половина од проценетата вредност.

(5) Непродадени предмети можат од страна на Управата за јавни приходи по аукцијата да бидат продадени по пат на слободна (комерцијална) продажба. Предмети од злато и сребро не смеат да се продаваат под материјалната (берзанската) вредност.

(6) Должникот во присилна наплата и купувачот добиваат потврда за извршената продажба и продажната цена.

(7) Постапката на продажба на запленетите предмети се прекинува кога постигнатата цена ќе ја достигне висината на даночниот долг и споредните даночни давачки со паричните додатоци, како и трошоците за присилна наплата според членот 131 од овој закон. Останатите предмети се враќаат на должникот во присилна наплата.

(8) За извршената продажба на движните предмети се составува записник.

**Присилна наплата од недвижности**

**Попис на недвижности**

Член 152

Недвижноста се попишува, се одредува нејзината почетна вредност и се продава од страна на даночниот извршител во постапка на присилна наплата врз основа на решението за присилна наплата од членот 140 став (2) на овој закон.

**Запленување на недвижност која**
**не е запишана во соодветен регистар**

Член 153

(1) Запленување на недвижност која не е запишана во соодветен регистар ја спроведува даночен извршител во моментот на пописот.

(2) Пред пристапување кон запленување, даночниот извршител го покажува документот со кој ги потврдува своите овластувања и решението за присилна наплата и го повикува должникот во присилната наплата да го плати долгуваниот износ.

(3) Запленување на недвижност од ставот (1) на овој член, се спроведува во присуство на еден полнолетен сведок.

(4) Даночниот извршител е овластен да го оддалечи лицето кое го нарушува спроведувањето на присилната наплата, како и да побара помош од полицијата ако нарушувањето продолжи или ако лицето кое ја поседува недвижноста одбива таа да ја направи достапна за спроведување на присилната наплата.

(5) За извршеното запленување на недвижност се составува записник.

**Утврдување на почетна вредност на недвижност**

Член154

(1) Управата за јавни приходи ја утврдува почетната вредност на недвижноста од членот 153 став (1) на овој закон.

(2) Методологијата на утврдување на почетната вредноста на недвижноста ја уредува министерот за финансии.

(3) Почетната вредност на недвижноста од ставот (1) на овој член се утврдува со решение.

(4) При утврдување на почетната вредност на недвижноста се води сметка и за тоа колку недвижноста помалку вреди заради тоа што на неа остануваат одредени права и товари по продажбата.

**Продажба на недвижност по пат на усна јавна аукција**

Член 155

(1) Аукција на недвижност се врши од страна на Управата за јавни приходи.

(2) На усната јавна аукција може да учествуваат само лица кои депонирале депозит.

(3) Депозитот од ставот (2) на овој член се депонира на депозитна сметка на Управата за јавни приходи во висина од 10% од утврдената почетна вредност на недвижноста.

(4) На понудувачите чија понуда не е прифатена депозитот им се враќа веднаш по заклучувањето на аукцијата.

(5) Заинтересираните понудувачи имаат право најдоцна до денот на одржувањето на аукцијата да ја разгледаат недвижноста која е предмет на јавна продажба.

(6) На првата усна јавна аукција недвижноста не може да се продаде по цена пониска од 75% од утврдената почетна вредност.

(7) Ако недвижноста не се продаде на првата усна јавна аукција со заклучок се одредува и закажува втора усна јавна аукција.

(8) На втората усна јавна аукција недвижноста не може да се продаде по цена пониска од 50% од утврдената почетна вредност.

(9) Недвижноста може да се продаде по цена пониска од утврдената почетна вредност или по цена пониска од 50% од утврдената почетна вредност ако со тоа писмено се согласи должникот во присилна наплата.

(10) Ако продажбата не успее и по втората усна јавна аукција, се смета дека Република Македонија ќе стане сопственик на недвижноста по цена која одговара на износот на даночниот долг зголемен за висината на трошоците и каматата, освен во случај на постоење на хипотекарно право од друг доверител.

(11) За текот на аукцијата се составува записник.

**Постапка со остварените приходи од продажба на недвижност**

Член 156

(1) Купувачот на недвижност мора да го уплати износот за кој недвижноста му е продадена, во рок од осум дена од денот на заклучувањето на усната јавна аукција, по намалувањето за депонираниот депозит, кој станува дел од платената цена.

(2) Во случај кога купувачот во определениот рок нема да го уплати износот за кој недвижноста му е продадена, продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит.

(3) Во случај на постоење на приоритетно хипотекарно побарување на друг доверител на сопственикот на продадената недвижност од износот прво се намирува побарувањето на тој доверител.

(4) По извршената уплата на износот за кој недвижноста е продадена на усна јавна аукција, Управата за јавни приходи донесува решение за предавање на недвижноста на купувачот во

владение и преставува правен основ за стекнување право на сопственост и упис во јавните книги.

(5) По исплата на приоритетниот доверител, Управата за јавни приходи, се наложува бришење на хипотеката.

## Глава осма
## ДРУГИ ФОРМИ НА ПРЕСТАНОК НА ДАНОЧЕН ДОЛГ

### Отпис на данок

Член 157

Даночниот долг може да биде привремено отпишан доколку се утврди дека наплатата нема да успее или трошоците за наплата не се во сооднос со даночниот долг.

(2) Привремениот отпис завршува со престанокот на даночниот долг согласно со членот 23 од овој закон.

(3) По истекот на рокот за застареност на утврдување и наплата на данок и на споредни даночни давачки утврден во член 110 и 122-а од овој закон од десет години, може да се изврши траен отпис.

## ДЕЛ ТРЕТИ
## ПОСТАПКА ПО ПРАВЕН ЛЕК

Членовите од 158 до 171- се бришани

## II. ПОСТАПКА ПО ЖАЛБА

### Право на жалба

Член 172

(1) Против даночен управен акт даночниот обврзник може да поднесе жалба.

(2) Жалба може да се поднесе и кога Управата за јавни приходи по барање на даночниот обврзник не донела даночен управен акт во рокот утврден со закон.

### Право на поднесување на жалба

Член 173

Жалба против даночен управен акт покрај даночниот обврзник може да поднесе и лице за чии права или обврски е одлучено со даночниот управен акт.

### Рок за жалба

Член 174

Жалба против даночен управен акт се поднесува во рок од 15 дена од денот на доставувањето.

### Надлежен орган за одлучување по жалба
**Член 175**

По жалба против даночен управен акт на организационата единица на Управата за јавни приходи, одлучува министерот за финансии или од него овластено лице.

Одлука по жалбата се донесува во рок од 45 дена од денот на доставувањето на жалбата со сите списи.

**Предавање на жалбата**
**Член 175 - а**

(1) Жалбата непосредно се предава на организациона единица на Управата за јавни приходи која го донела даночниот управен акт.

(2) Доколку жалбата се поднесе до ненадлежна организациона единица на Управата за јавни приходи, директно до Министерството за финансии или е доставена по пошта, се смета дека истата е доставена навреме доколку е поднесена во законски утврдениот рок.

**Содржина на жалба**
**Член 175 - б**

(1) Во жалбата мора да се наведе даночниот управен акт кој што се побива со означување на организационата единица на Управата за јавни приходи која го донела, како и бројот и датумот на актот и истата треба да биде потпишана од страна на даночниот обврзник.

(2) Жалбата треба да биде образложена, а доволно е во неа да се наведе во кој поглед подносителот е незадоволен од даночниот управен акт.

**Правно дејство на жалбата**
**Член 175 – в**

Жалбата не го одлага извршувањето на даночниот управен акт.

**Откажување од жалба**
**Член 175 – г**

Даночниот обврзник може да се откаже од поднесувањето на жалба. Откажувањето се поднесува писмено или на записник.

**Повлекување на жалба**

**Член 175 – д**

Жалбата може да биде повлечена од даночниот обврзник се до доставување на решение по жалба.

**Прекинување на постапката**

**Член 175 - ѓ**

(1) Ако решението по жалба целосно или делумно зависи од прашање кое е предмет на судска или на управна постапка, министерот за финансии или од него овластено лице може привремено да ја прекине постапката до решавање на судската или на управната постапка.

(2) За време на траењето на привременото прекинување не течат рокови на застареност.

(3) Против одбивање на барањето за привремено прекинување на постапката не се дозволени правни лекови.

**Доставување на жалба до второстепен орган**
**Член 175 – е**

Жалбата со сите списи, надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи е должна да ја достави до Министерството за финансии во најкраток можен рок.

**Доставување на решение по жалба**
**Член 175 - ж**

Решението по жалба со списите по предметот се доставува до надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи која е должна решението да го достави до странките најдоцна во рок од пет дена од денот на неговиот прием.

**Член 175 – з**

(1) Доколку министерот за финансии или од него овластено лице не донесе одлука по жалба во рокот од член 175 став (2) на овој Закон, подносителот на жалбата може да го извести државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(2) Формата и содржината на известувањето ги пропишува министерот за финансии.

(3) Државниот управен инспекторат е должен во рок од 10 дена од денот на прием на известувањето од ставот (1) на овој член да изврши надзор во Министерството за финансии за тоа дали е спроведена постапката согласно законот и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(4) Инспекторот од државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно закон донесува решение со кое го задолжува министерот за финансии или од него овластено лице надлежно за одлучување по жалбата, во рок од 10 дена да одлучи по поднесената жалба, односно да ја отфрли, уважи или одбие жалбата, и да го извести инспекторот за донесената одлука. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој е одлучено по поднесената жалба.

(5) Доколку министерот за финансии или од него овластено лице надлежно за одлучување по жалбата не одлучи во рокот од став (4) од овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот за финансии или од него овластено лице надлежно за одлучување по жалбата, ќе одлучи по поднесената жалба за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесената жалба. Инспекторот во рок од три работни дека го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(6) Доколку министерот за финансии или од него овластено лице надлежно за одлучување по жалбата не одлучи и во дополнителниот рок од став (5) од овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(7) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од став (3) на овој член, подносителот на жалбата во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на Директорот на државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(8) Директорот на државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од став (7) на овој член, и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на жалбата согласно ставовите (3) и (4) и/или не поднел пријава согласно ставовите (5) и (6) од овој член, Директорот на државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дека во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно законот и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(9) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од став (8) на овој член, Директорот на државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(10) Во случај на став (9) на овој член, Директорот на државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(11) Во случаите на став (10) на овој член, Директорот на државниот управен инспекторат во рок од три работни дека го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(12) Доколку директорот на државниот управен инспекторат не постапи согласно став (8) од овој член, подносителот на жалбата може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(13) Доколку министерот за финансии или од него овластено лице надлежно за одлучување по жалбата, не одлучи во рокот од став (5) на овој член, подносителот на жалбата може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(14) Постапката пред Управниот суд е итна.

(15) Подзаконскиот акт од овој закон се донесува во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(16) По донесувањето на подзаконскиот акт од овој закон истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за финансии.

**Управен спор**

Член 176

(1) Против решението по жалба даночниот обврзник може да поднесе тужба пред Управниот суд на Република Македонија.

(2) Поднесувањето на тужбата не го спречува извршувањето на даночниот управен акт.

## ДЕЛ ЧЕТВРТИ
## ПРАВНА И СЛУЖБЕНА ПОМОШ

**Службена помош**

Член 177

Сите судови и државни органи, вклучувајќи ги и органите на единиците на локалната самоуправа, по барање на Управата за јавни приходи мораат да и ја дадат потребната правна и службена помош за спроведување на оданочувањето.

**Меѓународна правна помош**

Член 178

(1) Под меѓународна правна помош, во смисла на овој закон, се смета правото на Управата за јавни приходи врз основа на меѓународни договори, во тек на даночната постапка да се обрати за давање правна помош до странски даночен орган, како и обврска на Управата за јавни приходи да даде таква помош на странски даночен орган.

(2) Ако давањето на меѓународна правна помош не е уредено со меѓународен договор, правна помош може да се даде под услов, ако:

1) постои реципроцитет;

2) државата која ја прима правната помош се обврзе дека примените информации и документација ќе ги користи само за целите на даночна, прекршочна или кривична постапка, како и дека ќе бидат достапни само на лицата, органите на управата, односно правосудните органи надлежни за одреден даночен предмет или спроведување на прекршочна, односно кривична постапка во врска со тој предмет;

3) државата на која и се дава правната помош е готовна по пат на разбирање да избегне двојно оданочување;

4) задоволувањето на замолницата не го загрозува јавниот поредок или други битни интереси на Република Македонија и

5) не постои опасност со давање на правната помош да дојде до одавање на службена или на професионална тајна или на резидентниот даночен обврзник да му се нанесе штета од поголеми размери.

## ДЕЛ ЧЕТИРИ-А

## ПРЕКРШОЧЕН ОРГАН И НАЧИН НА РАБОТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ОРГАН

### Прекршочен орган
### Член 178-а

(1) Управа за јавни приходи е надлежна за водење на прекршочна постапка и за изрекување на прекршочни санкции за прекршоците пропишани со овој закон, Законот за данокот на добивка, Законот за персоналниот данок на доход, Законот за данокот на додадена вредност, Законот за регистрирање на готовинските плаќања и Законот за игри на среќа и забавните игри.

(2) Прекршочната постапка ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Комисија за прекршоци), именувана од страна на директорот на Управата за јавни приходи.

(3) Комисијата за прекршоци е составена од овластени службени лица вработени во Управата за јавни приходи.

(4) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од три члена од кои:

-еден дипломиран правник со положен правосуден испит со работно искуство во својата област,

-еден член со висока стручна подготовка од областа на методологијата, оданочувањето или надворешната контрола со работно искуство во својата

-еден член со висока стручна подготовка со работно искуство во својата област.

(5) За Претседател на Комисијата за прекршоци од претходниот став може да биде именуван само дипломиран правник со положен правосуден испит.

(6) Освен членовите од став (4) на овој член, во Комисијата за прекршоци се именува и администратор на Комисијата за прекршоци кој ќе ги спроведува административно-техничките работи.

(7) Членовите на Комисијата за прекршоци имаат свои заменици.

(8) Прекршочниот орган во прекршочна постапка одлучува и изрекува прекршочни санкции.

(9) Против решенијата на прекршочниот орган со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе тужба за поведување на управен спор.

### Именување и разрешување на Комисијата за прекршоци

### Член 178 – б

(1) Управата за јавни приходи, заради запазување на законски определената месна и стварна надлежност, во својот состав формира повеќе Комисии за прекршоци на ниво на регионални дирекции, и тоа за временски период од две години со право на реизбор на членовите.

(2) Комисиите за прекршоци од ставот (1) на овој член се надлежни за територијата на регионална дирекција и организационите единици - даночни одделенија кои се во нејзин состав согласно организационата поставеност на Управата за јавни приходи.

(3) Комисијата за прекршоци се именува со решение.

(4) Член на Комисијата за прекршоци може да биде разрешен:

-со истекот на времето за кое е именуван за член на Комисијата за прекршоци;

-по негово образложено барање;

-со исполнување на законските услови за стекнување на старосна пензија;

***- Алинеја 4 е укината со Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.219/2008***

-ако поради трајна професионална неспособност не е во можност да ги извршува обврските за кои е именуван;

-ако се утврди дека ги прекршил правилата на постапување и одлучување во прекршочната постапка;

-ако не ги исполнил обврските кои произлегуваат од работењето во Комисијата за прекршоци; -ако не го пријавил постоењето на конфликт на интереси во случајот во кој решава Комисијата за прекршоци и

-ако не се придржувал до принципите уредени со Кодексот на Управата за јавни приходи.

(5) Образложен предлог за разрешување на член на Комисијата за прекршоци од случаите од ставот (4) алинеи од 3 до 9 на овој член, се поднесува до директорот на Управата за јавни приходи.

**Обврски и начин на работа на Комисијата за прекршоци**

**Член 178 - в**

(1) Комисијата за прекршоци најдоцна десет дена од денот на нејзиното именување донесува Деловник за работа по кој е должна да работи.

(2) Начинот на работење и делување на Комисијата за прекршоци поблиску ќе бидат уредени со Деловникот за работа од ставот (1) на овој член.

(3) Комисијата за прекршоци, заседава по укажана потреба, а најмалку три пати во текот на работната седмица.

(4) Комисијата за прекршоци работи и одлучува само во полн состав.

(5) Комисијата од овој член, во своето постапување може да изведува докази и собира податоци неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи согласно со овој закон и Законот за прекршоците.

(6) Во својата работа членовите на Комисијата за прекршоци се самостојни, независни и одлучуваат согласно своето стручно знаење, слободно и самостојно убедување и стандардите на етичко и професионално однесување.

(7) Комисијата за прекршоци е должна да води евиденција на прекршоците, изречените прекршочни санкции и донесени одлуки на начин уреден со Законот за прекршоците.

(8) За својата работа, членовите на Комисијата за прекршоци и нивните заменици, имаат право на награда соодветна на значењето, обемот и сложеноста на прекршоците.

(9) Висината на наградата, и начинот на исплата на наградата ја пропишува директорот на Управата за јавни приходи со посебен акт.

**Постапка на порамнување**

**Член 178 - г**

(1) За сите прекршоци за кои е надлежна Управата за јавни приходи, даночните инспектори или други овластени лица (во натамошниот текст: овластени лица), при констатирање на прекршокот должни се на сторителот на прекршокот да му предложат постапка на порамнување, пред да го поднесат барањето за прекршочна постапка.

(2) Постапката за порамнување е задолжителна.

(3) Доколку овластеното лице констатира прекршок, е должен да состави записник во кој ќе ги забележи сите битни елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место, и да го понуди на сторителот на прекршокот/одговорното лице во правното лице или лице кое има писмено овластување дека има право да го потпише записникот, истиот да го потпише во знак на согласност.

(4) Во случај кога сторителот на прекршокот се согласува со констатираниот прекршок, овластеното лице е должно на сторителот на прекршокот да му издаде платен налог и тоа дополнително го прибележи во записникот од ставот (3) на овој член.

(5) Доколку овластеното лице констатира прекршок, го состави записникот од ставот (3) на овој член и го понуди заради потпис, а сторителот не се согласува со констатираниот прекршок, односно одбива да го потпише записникот, овластеното лице на самото место на сторителот на прекршокот ќе му врачи покана за плаќање на глоба, а тоа ќе го прибележи во записникот.

(6) Во случај сторителот на прекршокот/одговорно лице во правното лице или друго лице кое има писмено овластување да го потпише записникот одбие да ја прими поканата од ставот (5) на овој член, овластеното лице го забележува тоа во записникот, а поканата за плаќање на глобата ја доставува согласно член 78 од Законот за прекршоците.

(7) Сторителот на прекршокот е должен во рок од осум дена од денот на приемот на поканата да ја плати глобата.

(8) По истекот на рокот предвиден за плаќање на глобата, во случај да не е платена глобата, овластеното лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата за прекршоци.

(9) За поведените постапки за порамнување и исходот од нив, овластеното лице е должно да води посебна евиденција.

**Постапка за едукација**

Член 178-д

(1) Доколку даночниот обврзник за прв пат стори неправилност во смисла на членот 38 став (5) од Законот за даночна постапка, членот 64 од Законот за персоналниот данок на доход и членот 7 од Законот за регистрирање на готовински плаќања, овластениот даночен службеник е должен да состави известување за констатираната неправилност со укажување истата да биде отстранета во рок од пет дена. Истовремено овластениот даночен службеник му врачува покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста.

(2) Доколку носителот на платен промет за прв пат стори неправилност во смисла на членот 41 став (7) од Законот за данокот на додадена вредност, но неправилноста ја отстрани во рок од пет дена по истекот на пропишаниот рок или овластениот даночен службеник ја констатира истата неправилност во рок од пет дена по истекот на пропишаниот рок од истиот член на овој закон, во тој случај овластениот даночен службеник е должен да состави известување за констатираната неправилност со укажување истата да биде отстранета во рок од пет дена. Истовремено овластениот даночен службеник му врачува покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста.

(3) Доколку даночниот обврзник за прв пат стори неправилност во смисла на членот 51 став (10) од Законот за данокот на додадена вредност, но неправилноста ја отстрани во рок од пет дена по истекот на пропишаниот рок овластениот даночен службеник ја констатира истата неправилност во рок од пет дена по истекот на пропишаниот рок од истиот член на овој закон, во тој случај овластениот даночен службеник е должен да состави известување за констатираната неправилност со укажување истата да биде отстранета во рок од три дена. Истовремено овластениот даночен службеник му врачува покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста.

(4) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за финансии.

(5) Едукацијата ја организира и спроведува Управата за јавни приходи, во рокот од три дена од денот на констатираната неправилност.

(6) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(7) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(8) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијатасе јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(9) Доколку овластениот даночен службеник при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, за констатираниот прекршок на сторителот на прекршокот му предлага постапка за порамнување.

(10) Управата за јавни приходи, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за финансии.

**Член 178-ѓ**

Управата за јавни приходи за бројот на извршените контроли од страна на овластените даночни службеници изготвува квартални извештаи кои се објавуваат на веб страницата на Управата за јавни приходи на унифициран квартален преглед.

## ДЕЛ ПЕТТИ

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 179

(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник – правно лице за прекршок ако не учествува во утврдувањето на фактичката состојба согласно со членот 50 ставови (1), (2) и (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 150 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) од овој член.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од три до најмногу 30 дена.

**Член 179-а**

(1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник – правно лице за прекршок, ако:

1) не ги чува деловните книги и евиденции согласно со членот 48 став (1) од овој закон и

2) не пријави факти битни за оданочување согласно членот 49 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 150 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) од овој член. (4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од три до најмногу 30 дена.

**Член 179-б**

(1) Глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник – правно лице за прекршок, ако:

1) на барање на Управата за јавни приходи не ги дава сите потребни информации, не достави, или не достави на посочено место на увид и проверка на деловните книги и евиденции, деловната документација и други исправи согласно со членот 60 од овој закон;

2) не дозволи да се изврши увид на предмети, простории или земјиште, односно низ нив или преку нив да се помине заради увид (член 64 став(1));

3) не ги изврши работите од членот 97 став (3) на овој закон:

4) на инспекторот во постапката на контрола не му дава информации и книги, белешки, документи и деловна документација согласно со членот 99 од овој закон и

5) ја оневозможува постапката на присилна наплата согласно со членот 137 став (7) од овој закон. (2) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) точки 2,3,4 и 5 на овој член.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од три до најмногу 30 дена.

**Член 179-в**

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник – правно лице за прекршок, ако:

1) не поднесе пријава за регистрација согласно со членот 38 став (5) од овој закон и

2) не води деловни книги и евиденции согласно членот 45 (став 1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 150 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) од овој член.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од три до најмногу 30 дена.

**Член 179-г**

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник – правно лице за прекршок, ако во даночната пријава не внесува точни, вистинити и потполни податоци и не ја приложува пропишаната документација согласно членот 53 ставови (3) и (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 150 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) од овој член.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече

прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од три до најмногу 30 дена.

## ДЕЛ ШЕСТИ

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Престанување на важење

Член 180

Со денот на примената на овој закон престануваат да важат: Законот за утврдување и наплата на јавните приходи ("Службен весник на Република Македонија" број 13/2001, 61/2002, 24/2003, 77/2003 и 19/2004); одредбите од членовите 44, 50, 57 и 58 на Законот за данокот на додадената вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 44/99, 55/99, 86/99, 11/2000, 8/2001, 21/2003 и 19/2004); членот 42 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 33/95, 43/95, 71/98, 5/97, 28/98, 11/2001, 02/2002, 44/2002 и 51/2003); одредбите од членовите 56, 91, 92, 93, 94, 136, 142, 143 и 143-а на Законот за персонален данок на доход ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/2001, 50/2001, 52/2001, 2/2002, 44/2002 и 96/2004); членот 57 од Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003 и 96/2004); одредбата на членот 36 став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" број 25/2002 и 24/2003) и одредбата на членот 26 став 5 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 13/2005).

### Влегување во сила и примена

Член 181

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2006 година.

### Одредби од Законот за измениување и дополнувања на Законот за даночната постапка што не се содржани во пречистениот текст на Законот (Сл. весник на РМ број 88/08)

Член 58

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а одредбите од членовите 28, 29, 30, 31 и 32 ќе се применуваат од 1 јануари 2009 година.

### Одредби од Законот за изменување и дополнувања на Законот за даночната постапка што не се содржани во пречистениот текст на Законот (Сл. весник на РМ број 159/08)

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

### Одредби од Законот за изменување на Законот за даночната постапка што не се содржани во пречистениот текст на Законот (Сл. весник на РМ број 105/09 )

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

**Одредби од Законот за изменување и дополнувања на Законот за даночната постапка што не се содржани во пречистениот текст на Законот (Сл. весник на РМ број 133/09 )**

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Одредби од Законот за дополнување на Законот за даночната постапка што не се содржани во пречистениот текст на Законот (Сл весник на РМ број 145/10)**

Член 2

Одредбата од членот 1 ставови (2) и (3) од овој закон со кој се дополнува членот 2 со два нови става (3) и (4) од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 88/2008, 159/2008, 105/2009 и 133/2009), се применува и на предметите поднесени на извршување од страна на Државното правобранителство на Република Македонија кај извршител, а за кои не се преземени дејствија. Државното правобранителство на Република Македонија е должно да ги повлече предметите од извршителот и да ги проследи до Управата за јавни приходи за натамошно постапување со денот на отпочнување со приманата од член 1 став (1) на овој закон.

Предметите кои се наоѓаат во Државното правобранителство на Република Македонија заради започнување на постапка за извршување, а не се поднесени кај извршител до денот на отпочнување на примената на одредбата на членот 1 став (2) од овој закон со кој се дополнува членот 2 со два нови става (3) и (4) од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 88/2008, 159/2008, 105/2009 и 133/2009), Државниот правобранител на Република Македонија ги пренесува во надлежност на Управата за јавни приходи со денот на отпочнување на примената на одредбата на членот 1 ставови (2) и (3) од овој закон.

Член 3

Пренесувањето на предметите поднесени на извршување од страна на Државното правобранителство на Република Македонија кај извршител, а за кои не се преземени дејствија и на предметите кои се наоѓаат во Државното правобранителство на Република Македонија заради започнување на постапка за извршување, а не се поднесени на извршител, ќе се изврши најдоцна во рок од 30 дена од денот на отпочнување на примената на член 1 ставови (2) и (3) од овој закон, согласно со Упатството за начинот на превземање на предметите што ги донесува министерот за правда во согласност со министерот за финансии во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Одредбата од членот 1 став (1) на овој закон со кој се дополнува членот 2 со нов став (2) од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 88/2008, 159/2008, 105/2009 и 133/2009), ќе се започне да се применува од 1 јануари 2011 година. Одредбата од членот 1 ставови (2) и (3) на овој закон со кој се дополнува членот 2 со два нови ставови (3) и (4) од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 88/2008, 159/2008, 105/2009 и 133/2009),ќе започне да се применува од 1 ноември 2010 година.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**Одредби од Законот за измени и дополнувања на Законот за даночната постапка што не се содржани во пречистениот текст на Законот (Сл весник на РМ број 171/10)**

Член 4

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 5

Одредбите на членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2011 година.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Одредби од Законот за измени и дополнувања на Законот за даночната постапка што не се содржани во пречистениот текст на Законот (Сл весник на РМ број 53/10)**

Член 6

Одредбите од членот 5 на овој Закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2012 година.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".